СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 април 1993 година

Скопје, април 1993 година

**60 СЕДНИЦА (ПРОДОЛЖЕНИЕ), ОДРЖАНА НА 14 IV.1993 год.**


1. АНДОВ СТОЈАН 1
2. АЛИУ ЕШТРЕФ 31
3. АБДИ ФАИК 38, 63, 64, 66
4. АРСОВСКИ БРАНКО 41, 43
5. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ 59
6. АРСОВ ДРАГИ 60, 62
7. БОШКОВ ЈОРДАН 45
8. БАЈАЛЏИЕВ ДИМИТАР 51, 52, 68, 69, 70
9. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО 1, 10
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР 24, 26, 68
11. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ 63
12. ДИМОВСКА ДОСТА 3, 34
13. ЗИБЕРИ НАСЕР 22
14. ИСМАИЛ ЃУНЕР 57, 59, 60
15. КРСТЕВСКИ НИКОЛА 5
16. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ 59
17. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ 4, 44, 53
18. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА 10
19. МЛАДЕНОВ ВАНЧО 71
20. МУРТЕЗАНИ АВДИ 70, 71
21. ПАНОВСКИ МИХАИЛ 5, 6, 9, 46, 48, 54, 55, 58
22. ПОПОВСКИ ДИМИТАР 18
23. ПОПОВСКИ НИКОЛА 26, 28
24. ПЕТРОВ ТОДОР 72
25. СПИРОВСКИ АЦО 23
26. САДИКУ ФЕРИД 50, 53
27. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ 9
28. СТОЈКОВ СТОИЛЕ 17
29. ТАИРИ ТАИР 7
30. ТОШЕВ БЛАГОЈ 32
31. ТРПЕНОВСКИ ДУШАН 67
32. ХАЛИЛИ МУХАМЕД 6, 40
33. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН 44
34. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО 8, 19


КРАЈ НА СЕДНИЦАТА

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од продолжението на Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 14 април 1993 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,45 часот.

Со седницата продолжи да претседава господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Сакам да го изразам својот личен протест заради тоа што за последните три дена имаме крупно прекршување и на Уставот и Деловникот на ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Георгиевски, напуштете ја говорницата. Ако има прекршување на Уставот ќе си поведете спор пред Уставниот суд. Ако има прекршување на Деловникот ќе си поведете постапка за смена на оној што ја води седницата.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Добро тогаш ќе се задржам само за оваа седница. Првите две забелешки ќе ги оставам за подоцна да ги кажам, а ова сега што ќе го кажам е само за оваа седница.

Вчера оваа седница беше прекината на еден начин од кој нормално им е јасно само на оние кои седат овде во Парламентот. Беше прекината

затоа што коалицијата немаше доволен број на гласови, доволен број на пратеници за да го изгласа она што е поставено на дневен ред, а тоа се замениците. Седницата беше прекината на еден начин на кој и покрај тоа што се бараше неколку дискутанти да станат од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ им беше оневозможено да станат и да го кажат тоа.

Од сабајлето повеќе од еден ипол саат чекаме да се соберат пратениците на коалиционите партнери за да го добијат бројот 61 за да можат повторно да го изгласаат она што им е ставено на дневен ред, а тоа е изборот на замениците.

Во таа смисла ја користам оваа прилика коалицијата на владините партии и претседателот на Собранието на Република Македонија да престанат да го блокираат Македонскиот Парламент со својата активност, да престанат деструктивно да се однесуваат кон работата на овој Парламент и коалицијата да си овозможи работење на овој Парламент. Сметаме дека вчерашниот ден , прекинувањето на вчерашната седница и почетокот на денешната седница е класичен пример како Владата ја блокира работата на Македонскиот Парламент, вклучително со дејствувањето на претседателот на Собранието на РМ. Сметам дека вакви блокади на Македонскиот Парламент не му се потребни повеќе, деструкцијата од страна на Владата мора да престане со работа во овој Парламент и за друг пат Ве молам седниците да почнуваат во закажано време. Начинот на кој ќе си ги обезбедите сопствените пратеници, тоа е Ваш проблем господа од коалицијата. Меѓутоа, ваква несериозност со Македонскиот Парламент, сметам дека повеќе не може да се толерира и не може да се дозволи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седницата е сосема уредно прекината , по барање на пратеничката група на СДСМ. А кога е седницата прекината на никого понатаму не му се дава збор, па нека бидат и од ВМРО-ДПМНЕ пратениците. Сеедно е, на никого после не се дава збор.

(госпоѓата Марковска вели писмено известување дали имате за тоа).

Да, од овде соопштивме. И престанете од клупа да дофрлувате. Престанете.

(господинот Тодор Петров и понатаму продолжува со дофрлување од пратеничката клупа).

Престанете Ве молам. Ред во салата мора да има.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, претседателот на Собранието се обиде да ни даде објаснување зошто вчера при крајот на седницата не им даде збор на некои пратеници на ВМРО-ДПМНЕ, но сеуште иако седницата беше закажана за 10,00 часот, сега е речиси 12,00 не добивме објаснување за кое што е должен претседателот да ни го даде на сите пратеници и на македонската јавност зошто толку доцни седницата. Зошто веќе два часа чекаме? Ми се чини дека најголемата одговорност ја сносат пратениците кои што припаѓаат на позицијата, бидејќи со својот несериозен однос и со нередовно доаѓање на седниците ја блокираат работата. Ми се чини дека тоа е една од причините, а го молам и претседателот на Собранието да каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас во салата влегов точно тогаш кога бев известен дека има повеќе од 61 пратеник.

(Тодор Петров од место треба да влезете во 10,00 часот)

Кога ме известуваат дека има кворум. Не дофрлајте, ве молам. Немојте да користите недостаток на одредби на Деловникот, кој мораме да го исправиме, за такви работи ќе треба да се исфрла од салата. Како во цела Европа, секаде.

(Тодор Петров со камшик).

А тоа веќе двеста години било некаде. Парламентарната пракса тоа убаво го познава . За некого тоа и треба очигледно.

(Тодор Петров прво од вас).

Одиме понатаму. Има збор господинот Коле Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Една кратка процедурална забелешка. Сепак треба да запаметиме и оваа македонска јавност треба да запамти, последната реченица на претседателот на Собранието. Што ќе се случи ако иста таа Железара генералниот директор рече "утре задутре повелете работници, јас ве чекам да дојдете во 12,00 саат, во 13,00 во 14,00 па не бевте на работа и обратно".

(реагирање на пратениците)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е Ваша деловничка интервенција. Напуштете ја говорницата .

Јас сум во зградата и имам Кабинет , седам чекам, имаме служби кои не известуваат за доаѓањето на секој пратеник. Ако вие мислите дека јас овде треба сите да ве дочекувам, тоа е друга работ Или на вратата на влезот во Собранието. Тоа го нема никаде. Немојте да правите комични ситуации овде.

Ве молам, минуваме на работа.

Бидејќи претседателот на Владата замоли да не минуваме веднаш на петата точка бидејќи е зафатен, а тој е предлагач на петтата точка, предлагам да минеме на шестата точка.

Тоа е и причината за задоцнување откако има кворум.

Минуваме на **точката 6** - <u>Предлог на одлука за именување директор на Царинска управа и Предлог на одлука за именување заменик на директорот на Царинската управа.</u>

Предлозите на одлуките Ви се доставени , односно поделени. Отворам претрес. Молам, кој бара збор? Има збор Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, јас денеска кога доаѓав на седница ми беше доставено во материјалите Одлука за именување заменик на директорот на Царинската управа за лице Шабан Зендели. Мене ме интересира, тука пишува завршил, дипломирал на Економскиот факултет 1985 година. Ме интересира на кој Факултет, бидејќи за сите предлози што беа дадени за заменици на министрите пишува на кој Универзитет ги имаат завршено своите факултети. Ме интересира за предложениот кандидат, Владата или Комисијата за избори и именувања, да ми каже каде има завршено лицето факултет, зашто ако нема завршено во Скопје тогаш го земам правото повторно да се јавам за збор.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Мислам дека не е потребно да се одговори на прашање. Стручната квалификација му е дипломиран економиста. Освен ако е во странство, па дали е нострифицирана дипломата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Доколку го кажеше ова претседателот на Комисија од позицијата немаше да бидам изненаден. Јас навистина сум изненаден член на ВМРО-ДПМНЕ така да ми одговори.

Ова е многу битно прашање од причина што ние сме држава и треба да се однесуваме како држава. Доколку лица што завршувале во други држави кандидира на наши работни места кој што се со висока стручна спрема, тогаш јас како пратеник инсистирам дали тие лица имаат нострификација на нивните дипломи овде во Македонија. Тоа е прво.

Второ, тоа што лицето е од албанска националност воопшто не сакам да навлегувам. Камо среќа да беше докажан економист од типот на г-динот Превала или некој друг. Ова е очигледно дека се работи, тоа се високи значајни места во оваа држава за кои што се потребни искусни економисти, а државниот сектор, министерските места и заменичките министерски места и вакви високи места не може да бидат биро за вработување на одредени лица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно објаснување. Предлагач на кандидативе е Комисијата за избори и именувања и само од неа треба да добиеме известување.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Бидејќи нема податок каде завршил, сакам да ве известам дека неговиот татко долго време бил на работа во Германија, тој завршил во Минхен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**ТАИР ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, сметам дека воопшто не е потребно Парламентот да расправа околу тоа каде кој што завршил. Мислам дека тоа не е битно. Еве јас сум завршил во Сараево 1976 година и сега испаѓа дека треба нострификација. Што правиме понатаму, а имам 15 години работен стаж. Сега после тоа треба , тие работи ни се непотребни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?(Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?(68)

Дали има некој против?(5)

Дали некој се воздржува од гласање?(4)

Констатирам дека Димитар Буздевски, е именуван за директор на Царинската управа.

(Аплауз)

Предлогот на одлуката за именување заменик на директорот на Царинската управа го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака?(69)

Дали има некој против?(5)

Дали некој се воздржува од гласање?(7)

Констатирам дека Шабан Зендели е именуван за заменик на директорот на Царинска управа.

Пауза од половина час, додека да завршат обврските на претседателот на Владата.

(пауза од 12,00 часот).

(По паузата)

Седницата продолжи со работа во 13,25 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 5-** Именување заменици министри.

Предлогот на листата за кандидати за заменици министри ви е поделен. Со оглед на тоа што според членот 142 став 4 од Законот за органите на управата замениците ги заменуваат министрите во случај на отсутност, или спреченост во сите нивни овластувања и одговорности во раководењето, именувањето на замениците министри по предлог на претседателот на Владата Собранието ќе го изврши со сходна примена на одредбите на Уставот што се однесува за избор на Владата на Република Македонија, односно со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето ќе го извршиме по предложената листа во целина, со јавно гласање.

Отворам претрес.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сосема кратко. Во договор со партиите и парламентарните групи од парламентарното мнозинство, односно мнозинството кое што стои зад оваа Влада ја предлагам листата на заменици министри. Со оглед на тоа дека замениците на министрите во случај на отсуство на министрите ги вршат сите функции на министри, значи стануваат дел од проширениот состав на Владата предлогот го давам во форма на Предлог на листа и го молам Собранието така и да се изјасни како за листа за заменици на министри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, претседателот на Собранието рече дека во иста постапка се бираат и замениците бидејќи ќе бидат во функција да ги заменуваат министрите кога тие ќе бидат зафатени и слично. Паѓа во очи на сите нас дека навистина не се почитува токму она што претседателот на Собранието го рече, отсуството на оние заменици кои што треба овој Парламент да ги избира. Оттука сметам дека треба замениците да бидат присутни, едноставно да имаа еден физички да речам контакт со пратениците кои што треба да го дадат својот глас. Доколку не бидат присутни, опозицијата нема да гласа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Очигледно дека ние сме доследни во своите недоследности. Би сакал да кажам дека пред околу година дена тогаш бившиот, а тогашниот премиер господинот Кљусев исто така ни предложи листа и исто така требаше да гласаме за заменици министри. Тогаш ние гласавме поединечно, почнавме да гласаме за секој заменик посебно и откога предложениот, не се сеќавам мислам дека беше предложениот заменик министер за внатрешни работи не го доби потребниот број на гласови, тогаш беше повлечена целата листа. Затоа предлогот да се гласа во пакет аранжман за цела оваа листа на заменици мене ми изгледа нелогичен, затоа што веќе стана пракса за едни работи да сме работеле на еден начин кога беше старата Влада јас и тогаш бев опозиција и сега сум опозиција, а за оваа Влада сосема другачија се однесуваме. Истото важи и со

прашањето за гласање на доверба. Кога гласавме за таа Влада беше едно прашањето, сега беше друго. Затоа ве молам дајте да се однесуваме принципиелно, па доколку постојат 61 пратеник што ќе ги поддржат овие заменици министри, ние иако сме опозиција, иако нема да гласаме би ги прифатиле, нема зошто да не ги прифаќаме кога е желбата на мнозинството таква. Но, дајте да бидеме доследни за сите исто да се однесуваме.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, не ми е познато по кој закон би морало Собранието, или пак по кој деловнички акт Собранието да се изјаснува по цела листа. Ова го зборувам од причина што ние избираме колективен орган Влада и нормално бидејќи се работи за колективен орган, тогаш се става целата листа. Овде се работи за функционери кои што ќе бидат избрани од Собранието, а,ќе бидат функционери во Владата. Така што навистина не знам за кое ново правило, а очигледно дека е ново станува збор и навистина жалам што и покрај тоа што во листата има квалитетни луѓе за кои што поединечно би го дала својот глас, а во овој случај би била приморана да гласам против целата листа.

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа, најпрво би сакал да го поздравам овој чин на Владата на Република Македонија што после седум месеци се реши на еден таков храбар чекор да си предложи сопствени заменици Зошто го поздравувам тој чин? Затоа што секоја демократска промена на една администрација, на една Влада како што значи промена на министрите значи и промена на нивните заменици. Значи после седум месеци оваа македонска Влада најде храброст да ги смени сопствените заменици и со

тоа да ја направи промената на администрацијата што сметам дека е чин за поздравување и можам да кажам дека единствен конкретен чекор и единствен видлив чекор кој е направен од оваа Влада за овие седум месеци. Тоа е како поздравување, затоа што навистина сметам дека требаше да се стави крај на ова чекање со именувањето на замениците министри. Колку е значаен овој чин сигурно за мене не е многу помало значењето и би рекол дека скоро на ист степен е како со именувањето на министрите. Ние знаеме дека во некои влади во Европа и во светот постои пракса како членови на Кабинетот на Владата да бидат не само министрите, туку да бидат и замениците. Во таа смисла за мене ова е чин навистина само за еден степен поблаг од она кога се избираше Влада на Република Македонија. Тоа е она што го поздравувам.

Што е она што не го прифаќам и заради што не би можел да го поддржам овој список на заменици што е доставен пред парламентарците.

Прво, она што ми смета во овој список кој го добивме пред сите нас без сомнение е фактот што го кажа нашиот координатор е дека ако е ова чин исто како кога се бира Влада зошто тогаш замениците министри не се присутни во оваа сала, па не само ние како пратеници, туку и целата јавност да ги види кои се тие луѓе кои и понатаму ќе управуваат со министерствата во Република Македонија. Тоа е првата работа.

Втората работа е ние добивме овде пред нас еден список на дванаесет министри со име и презиме и нормално нивна стручна подготовка. Меѓутоа, она што ме изненадува овде е фактот дека до ниту еден заменик министер не е ставена партиската припадност на заменикот министер. Не ми е јасно од кои причини не е ставена нивната партиска

припадност и така нам како парламентарци не ни преостанува ништо друго освен само да погаѓаме кој заменик на која партија припаѓа. Јас не гледам причина зошто во една држава во која повеќепартискиот систем е легализиран уште со уставните амандмани од 1990 година,имаше повеќепартиски избори, имаме нов Устав со кој се потврдува повеќепартискиот систем во Република Македонија, предлагачот на овој список тоа е премиерот, односно сегашната Влада да се плаши да ја стави партиската припадност на нивните заменици. Вака даден е еден гол список само на имиња и на презимиња. Јас незнам што да мислам освен повторно како што реков да нагаѓам, да погодувам кој човек од која партија е. Тоа е првата работа. А втората работа е, ме доведувате повторно во забуна да мислам дали е оваа сега повторно некаква надпартиска структура, некоја независна структура, некоја незнам собир на граѓани на Република Македонија кои се предложени. Само сакам да ве потсетам господа од Владата дека Република Македонија е повеќепартиска држава според системот, партиите се легализирани, ако се срамат луѓето покрај нивното име да биде ставено името на партијата тоа е веќе друга работа, тоа е личен проблем. Меѓутоа навистина сметам дека тоа е минимум на одговорност до името и презимето на човекот да се стави припадноста на неговата партија дотолку повеќе што се работи за една коалициона Влада која досега управува во Република Македонија и коалициона Влада која ги предлага сопствените заменици. Тоа е првата забелешка што ја имам.

Втората забелешка што се однесува конкретно до самите министри, односно заменици министри, а која не можам да ја кажам во оваа прилика е навистина кадровската способност која си ја поставувам пред себе, дали овие луѓе кои ни се претставени пред нас во овој момент можат да ја

извршат својата функција на заменици министри во Владата на Република Македонија. Зошто го велам и зошто го спомнувам тој факт? Го спомнувам затоа што гледајќи ги имињата како имиња можам да кажам дека освен еден тоа е заменикот министер за наука Владимир Ортаковски кој како човек и како стручњак претставува нешто во јавноста во Република Македонија. Сите други луѓе кои ни се предложени како заменици министри во овој состав се досега анонимни личности, луѓе кои сметам дека не се компетентни да бидат заменици министри во Владата на Република Македонија и сигурно ќе биде навистина интересно Владата да ни каже според кои основи на компетентноста оцениле дека токму тие луѓе можат да бидат заменици министри на оваа Влада во Република Македонија. И сметам дека навистина Владата со предлогот на овој список на заменици министри навистина го руши и нивото на македонската држава и сопственото ниво затоа што ние видовме еднаш дека Владата за министри понуди луѓе кои далеку можат да бидат компетентни за министерските функции, меѓутоа сега го гледаме истиот тој чин, истиот тој начин каде што гледаме дека некомпетентни луѓе се предлагаат за заменици на министри. Така имаме примери да речеме обичен професор за народна одбрана да биде сега заменик министер за одбрана, имаме пример секретар на Медицински центар во Дебар да биде заменик министер за правосудство и управа и да не зборуваме други примери за сите дванаесет луѓе кои се предложени, или да речеме овој пример некаков директор на Земјоделска задруга "Слога" од село Стофилари сега е заменик министер за земјоделство и шумарство. Сметам навистина дека овој список кој ни е предложен на заменици министри навистина го руши достоинството на македонската држава, не одговараат, не се компетентни луѓето и пред се сметам дека ја. руши сопствената Влада. Во таа смисла кога сум веќе кај

оваа точка исто така, ако ова што го кажав досега е мое незадоволство, можам да искажам и едно задоволство, а тоа е што и овој пат имаме можности како кога беше предлагањето за министри на Република Македонија сега и за заменици министри на Владата на Република Македонија задоволството уште еднаш да се увериме дека за жал старата комунистичка партија, односно нивните наследници денеска во коалиционата Влада на Република Македонија немаат кадри, немаат луѓе со кои можат да се рамнат на одговорноста која ја имаат денеска во Република Македонија, а тоа е носење и држење на една Влада на Република Македонија. Значи можам да го искажам уште еднаш навистина моето задоволство дека повеќе од факт е дека досегашните големи фалби од страна на Социјалдемократскиот сојуз дека интелектуалците се кај нив, докторите на науки се кај нив, научниците се кај нив, уште еднаш еве по втор пат се уверуваме сите ние и целата македонска јавност дека за жал овие коалициони партнери се дојдени до едно ниво каде што не можат да понудат соодветна кадровска застапеност за заменици на министри. Тоа е втората забелешка што ја имам во оваа ситуација.

Третата забелешка која можам да ја ставам, тоа е фактот веќе реков дека не можам со сигурност да зборувам кој претставник е од која коалициона партија, меѓутоа факт е дека ако можеме да ги идентификуваме по националната припадност овде гледаме дека од дванаесет предложени заменици министри четири се албанци и претпоставувам дека тие се претставници на ПДП, односно коалицијата ПДП-НДП. Можеби има некој албанец кој е предложен и од другите партии, меѓутоа велам, изведувам заклучок по логички пат. Ќе можам да сфатам како после именувањето на пет министри од партијата ПДП-НДП во македонската Влада денеска сме сведоци од дванаесет предлога кои треба да бидат назначени заменици министри дури четири се од партијата ПДП-НДП. Зошто го спомнувам тој

пример, зошто не можам да го сфатам тоа? Не можам да го сфатам затоа што и покрај многу пати што од оваа говорница е инсистирано на дефинираноста на оваа коалициона Влада во Република Македонија до ден денес ние не можевме да видиме дека оваа Влада на Република Македонија ја дефинира својата програмска политика по основните прашања. Зошто не можам да се согласам и не можам да прифатам четири заменици министри од дванаесет, значи 1/3 од предложените се припадници на ПДП-НДП. Од едноставна причина што многу пати досега беше изнесувано. Дали ова е наградата затоа што оваа партија две ипол години после првите повеќепартиски избори во Република Македонија сеуште го нема дефинирано својот однос по прашањето на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија, сеуште го нема дефинирано своето прашање по внатрешното и почитувањето на Уставот на Република Македонија и до ден денеска најотворено работи за разбивање на тој суверенитет и интегритет на Република Македонија во смисла на претворање на Република Македонија на некаква федерација, или добивање на некаква политичка автономија. И како што знаеме некои припадници од таа партија имаа прогласувано и албанска држава "Илирида" на територијата на Република Македонија. Затоа навистина не можам да сфатам за што се работи? Дали се работи за награда на ваквото однесување на оваа партија, или едноставно се работи за голо останување, односно за гола борба за власт, односно за зачувување на досегашните фотељи и на зачувување на комунистичкиот систем кој комунистичката Влада во Република Македонија која гледаме дека не бира мерки и средства за да остане и понатаму на власт во Република Македонија. Во таа смисла само ќе се надоврзам на излагањето на премиерот на Република Македонија господинот Црвенковски на завчерашната дискусија кога во стил на еден уличен мангуп се обрати кон опозицијата во Република

Македонија со зборовите дека тој гледа на опозицијата како на некакви лешинари употребувајќи го српскиот збор, најверојатно мислејќи дека зборот "лешинари" ќе му изгледа постилски затоа што е на српски. Меѓутоа кога сме веќе кај тоа за мене ова именување на замениците со овие отстапки што се прават за националниот интерес на Република Македонија само уште еднаш ни потврдува дека оваа Влада на Република Македонија во својата борба за власт, во својата борба за опстојување на овој режим како режим не само што не се срами да употреби сила со брутална репресија, не само што не се срами да го смени името на Република Македонија, туку гледаме дека утре, или друг ден со една политика на свршен чин ќе не доведе во моментот кога ќе ни рече "еве господа, сега имате федерација во Република Македонија меѓу македонците и албанците и вие таа федерација морате да ја прифатите". Именувањето на замениците, најпрво именувањето на министрите, а сега именувањето и на замениците на оваа Влада не потврдува ништо друго, туку само освен ова, дека најголеми мршојадци денеска не само опозицијата, туку целиот македонски народ го имаат во лицето на оваа Влада чии постапки ги гледаме од ден на ден се поцврсто и поцврсто. Овие заменици министри како што и самите министри не ни гарантираат никаква иднина и на мене како граѓанин на оваа Република Македонија и на сите граѓани на Република Македонија. Можам само да ве уверам дека со ова именување на заменици на министри не само што нема да добиеме поцврста Влада, пофлексибилна Влада, поенергична Влада, туку ќе добиеме уште понатаму тонење на Република Македонија во меѓународната изолација, во економската" катастрофа, во криминалот и во пљачката во Република Македонија и се она што значи тонење на македонската држава.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пред да се премине на гласање, јас исто така, сакам да кажам дека поради некои причини нема да гласам за замениците министри.

Прво, за тоа што се предложени во еден пакет, а не поединечно, без разлика што за двајца од нив мислев да го дадам својот глас, а тоа се господинот Кирил Саревски, што мислам дека има искуство во Министерството за внатрешни работи, некое време имал и работена така мислам и така сум известен и за д-р Владимир Ортаковски, меѓутоа, тоа е прашање што господинот премиер ни кажа предлогот е да се гласа во пакет. Жал ми е што за овие двајца на тој начин нема да го дадам својот глас.

Второ, можеби ќе се повторам со некого, меѓутоа, факт е дека имаме избрано по експертската Влада овој Парламент избра и политичка Влада додека кај замениците министри не гледам ниту кај еден не ја гледам неговата партиска припадност. Значи, имаме политичка Влада, а по некој клуч би требало да, избереме експерти, како што ни се наведува овде. Ова мене ми пречи затоа што оваа Влада има своја дефиниција дека е политичка Влада.

Трета работа односно трет аспект кој ме принудува да не гласам за овие заменици министри како една комплетна листа во пакет е тоа што овој избор ми личи на она што 45 години во Македонија се спроведуваше, а тоа е изборот на одредени функционери по национален клуч . Јас мислам дека сите тоа како партии го напуштивме, се одлучивме за стручноста и компетентноста на највисоките државни функционери особено во Владата затоа што Владата како извршен орган би требало да има стручни лица и

компетентни во своите области, па затоа мислам кај мене се создава една дилема дека се враќаме повторно на тој национален клуч по принципот толку има албанци ќе избереме толку министри, толку има турци ќе избереме толку министри и т.н. сега да не ги редам сите. Меѓутоа, ова ми личи на повторно враќање на тоа самоуправување или како да го наречам тој самоуправен социјалистички систем што верувам сите во своите програми како политички партии на некој начин го напуштивме. Затоа повторувам дека ако се гласа во пакет нема да гласам за предложените заменици министри.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Господа пратеници, мене воопшто нема да ми пречи дали ќе биде гласањето аз листата или ќе биде поединечно, јас ќе гласам и во едниот и во другиот случај. Не излегов за тоа на говорница, туку излегов затоа што почувствував дека кандидатите за заменици на министри односно припадници на мојата партија, на партијата на која јас припаѓам мора да се почувствуваат навредени од истапот на господинот Љупчо Георгиевски затоа што ги нарече анонимуси, а тие не се анонимуси, тие се познати личности и познати стручњаци во своите области.

Сега навистина не ми е јасно господинот Георгиевски бара менување на познатите и афирмирани личности, а не прифаќа неафирмирани личности, не прифаќа нови. Не разбирам што бара.

Понатаму, како да заборави господинот Георгиевски дека без ден работен стаж го избравме за потпретседател на Претседателот како да заборави господинот Љупчо Георгиевски дека беше мандатор му беше понуден мандат да формира Влада, а исто така до пред една ипол година беше анонимен, тотален анонимец. меѓутоа, народот веруваше во него, па

тоа го одобри. Затоа мислам дека не би смеело така ан блок да се каже за личностите кои се предложени и кои се на оваа листа дека се анонимуси, јас верувам во сите што се предложени тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара премиерот Бранко Црвенковски кој ја има таа можност да се јави повеќе пати, тој е предлагач на листата.

Јас би молел овде да се назначи партиската припадност и од која партија е предложен кандидатот.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Видете, сосема е јасно дека лицата кои се предложени за заменици министри се предложени и тоа го кажав на почетокот, од страна на партиите кои стојат зад оваа Влада.

На оваа листа се наоѓаат луѓе предложени од СДС, Реформските сили Либерална партија, ПДП. Се надеваме дека со двете места кои се изоставени, како што гледате овде не се предлага заменик министер за надворешни работи, со оглед на тоа дека намерата на претседателот на Владата е тоа да го решава во пакет заедно со министерското место и заменик министер за финансии дека и Социјалистичката партија исто така ќе учествува. Нема некој страв дека е можно да се нашол некој кандидат кој што на пример е член на ВМРО-ДПМНЕ и т.н. Таа опасност не постои.

Само уште една забелешка. Овде се предложени 12 личности и ако внимателно прочитате ќе видите дека сите се со високо образование што значи имаат завршено факултет, така што ми се чини дека е несериозно да се каже дека ова е некомпетентна или недоволно стручна кадровска листа. Мислам дека образовната структура на оваа листа е далеку подобра да речеме од нивото на овој Парламент и на одделни парламентарни групи.

Дел од она што мислев да го кажам веќе господинот Димитар Поповски го кажа во својата дискусија околу тоа што се случува во повеќе партиски плуралистички систем каде што, врз основа на политички проценки, се води кадровска политика значи се вршат избори и со тоа кој се може во одредена ситуација да добие одговорно место во државата почнувајќи од потпретседател на Претседателот или да биде кандидат за составување на Влада и т.н.

Точно е тоа дека кандидатите за заменици на министри не се присутни денеска и тоа прашање парано го расчистивме претходно со секретарот на Собранието и со секретарот на Владата дека тоа не е неопходно, бидејќи нивното присуство ќе биде тогаш и само тогаш кога го заменува одреден министер било заради негово отсуство, било заради негова зафатеност така што не е неопходен услов нивното присуство на оваа седница.

Доколку инсистира Собранието јас можам и по одделно да кажам за секој кандидат на листата предлог на која партија е.

Господинот Назми Малиќи, заменик на министерот за одбрана е кандидат на партијата ПДП.

Кандидатот за заменик министер за внатрешни работи, господинот Кирил Саревски е кандидат на Реформските сили- либерална партија

Во Министерството за правосудство и управа за заменик се предлага господинот Бардул Кука кандидат на ПДП.

Во Министерството за стопанство за заменик се предлага господинот Томе Чемерски, кандидат на СДС.

Во Министерството за развој се предлага господинот Спасе Лазаревски, кандидат на Реформски сили- Либерална партија;

Во Министерството аз урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Јорго Шундовски, кандидат на СДС.

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за заменик се предлага господинот Санде Џамбазовски, кандидат на СДС.

Во Министерството аз труд и социјална политика господинот Благоја Петрушевски исто така кандидат на СДС.

Во Министерството за образование и физичка култура господинот Хасан Јашари, кандидат на ПДП.

Во Министерството за наука господинот д-р Владимир Ортаковски е кандидат на Реформските сили- Либерална партија.

Во Министерството за култура, господинот Златко Теодосиевски кандидат на Реформските сили- Либерална партија и,

Во Министерството за здравство господинот Имер Имери, кандидат на ПДП.

Така што сега и оваа непознаница е симната. Како што гледате сите имаат високо образование, има еден д-р на науки и еден магистер на оваа листа, сите имаат долгогодишно работно искуство во струките кои би ги покривале како заменици министри и мислам дека е недолично да се говори за некаква си земјоделска задруга или за некаков си професор во средно образование, мислам дека на тој начин се навредуваат огромен број на луѓе кои многу чесно си го заработуваат лебот било како професори во основното или средното образование, било да работат во земјоделски задруги, комбинати и т.н., мислам дека тоа не е во ред од оваа говорница да се искажуваат такви работи.

Што се однесува за предлогот аз физички контакт, не би го коментирал, мислам дека не го разбрав на најдобар начин. За таков контакт е потребна согласност од обете страни, во овој случај е изразена желба само од едната страна .

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа. По настапот на премиерот навистина многу работи се јасни и дури си размислував дали воопшто да станам и да зборувам. Но, во секој случај сакам да кажам неколку з бора.

Прво, се обидов да ги групирам забелешките во две групи и тоа првите како формални и вторите како суштински. За жал, морам да констатирам дека повеќето забелешки беа од формален карактер кои беа разјаснети и објаснети од страна на премиерот како што беше партиската припадност, нивното присуство и некои други протоколарни работи за кои навистина немам коментар затоа што повеќето од претходните дискутанти единствено на овие прашања имаа забелешки, што сметам дека е несериозен пристап кога се зборува за едно вакво суштинско прашање.

Што се однесува до втората група на забелешки за кои, за жал, или за среќа имаше многу помалку од едноставна причина зашто говорникот кој ги изнесе или се обиде да ги изнесе овие забелешки најпрвин рече дека не ги познава кандидатите, дека се тие анонимуси, дека се непознати за јавноста, а од друга страна се обиде да даде компетентно мислење околу нивната стручност, околу нивниот компетент однос кон ова прашање и нивната подготвеност да се зафатат со проблемите, што сметам дека навистина сме контрадикторни кога настапуваме пред говорницата.

Трето прашање е прашањето на присуството на албанците во листата на замениците. Еден од дискутантите рече дека, дури во некој смисла е фрапиран зошто толку албанци има меѓу замениците. Јас само ќе кажам дека ова не е прашање на опозицијата, ниту најмалку. Тоа е прашање на

позицијата, во прв ред мандаторот и политичките партии. До колку мандаторот прифаќа кандидати кои ги нудат партиите кои стојат зад таа Влада, тогаш тоа прашање е решено и опозицијата не треба многу да рони солзи околу ова прашање.

Што се однесува до прашањето на клучот, јас навистина не знам од каде се извлекува овој заклучок, од причина што присуството на албанците не е прашање на клуч, тоа е реално прашање кое се гледа кое е присутно меѓу нас. Навистина треба да има и повеќе, а моменталната состојба е рефлекс на реалната состојба и јачината и снагата на пратеничката група и неслучајно има четири, бидете убедени дека не е тоа случајно.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, секогаш кога ќе дискутирам особено го имам предвид Уставот на РМ и кога ќе го читам Уставот на РМ обично се задржувам на одредбите кои се предмет на парламентарното дискутирање.

Во однос на Владата можам само да кажам следното не ми е воопшто јасно како оди оваа постапка пред овој Парламент од причина што во Уставот , истото го искажував и на претходните седници, се однесува само на избор на Влада и претседател на Влада, што значи веднаш и овој пат да укажам на нешто што е кажано многу поодамна а кое , за жал, овој Парламент не го реши, а тоа е со статусот на потпретседателите на Владата кои не се предвидени во Уставот, а се уште егзистираат и работат во рамките на своите овластувања што им ги даде Законот за владата и другите нормативни акти.

Ова што денеска сакам да го укажам е во однос на тоа зошто ова прашање повторно се става пред Парламентот ако во Уставот имаме некои општи одредби кои даваат за право да дискутираме по ова прашање и

веднаш се поставува прашањето зошто се оди на една процедура односно зошто не се запазува една процедура која би требало воопшто при избор за секој носител на една функција да се запази. Одбегнати се одредени комисии прашањето аз избор на заменици оди директно пред овој Парламент со една сосема претерано кусо образложение што оваа листа еве денеска ја најдовме на нашите клупи и дури коалицијата мислам дека треба да реагира на оваа околност од проста причина што и покрај тоа што нивните раководства договориле во однос на замениците кој како ќе учествува, меѓутоа, факт е дека токму за овие заменици се нема доволно образложение, тоа образложение на два пати со некакво молење го добивме од мандаторот на Владата кој ја кажа партиската припадност, по неговото повторно излегување. Сметам дека овие образложенија се рпетерано кратки. Во однос на позицијата веднаш да кажам дека воопшто не е интересно дали има образложение или не, меѓутоа, заради вас ми се чини дека е подобро да имате подобро образложение за да знаете точно што прави вашето раководство.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Секако дека владејачката коалиција имаше право и таа состави Влада каква што сметаше дека треба да состави, како и денес што има право и предлага листа каква што смета дека треба да предложи. Но, бидејќи одговорноста на Владата не е во ризикот, пред се, на политичките партии кои што ја сочинуваат, туку резултатите од тоа како ќе функционира македонската Влада ќе не погодуваат сите подеднакво, сметам дека иако припаѓам на делот на опозицијата, овде во Парламентот имам право да укажам на политичките импликации за кои што сметам дека ќе бидат негативни во понатамошниот развоен процес на Република Македонија.

Прво,сакам да укажам на големата противречност од овој политички потез на Владата,со заложбите на партиите, пред се на македонските партии кои што ја сочинуваат за граѓанско општество, за искажаното задоволство од усвојувањето на Уставот дека Македонија стекна граѓански устав, а сведоци сме дека листата докажува, барем е такво впечатокот дека се работи за политика која што заштитува, ќе го потенцирам тоа, права на национални колективитети, тоа е изразот кој што вообичаено го употребува албанското малцинство во Република Македонија. Сето тоа отвора можности за афирмација на една штетна и анационална теза која што, за жал, наидува на поддршка и кај дел од политичките структури во Македонија, а тоа е апсолутно неприфатливата теза за мултинационална Македонија.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ**: (Продолжение).

Затоа што не може да има аргументација која што може да стои зад односно против моите укажувања, бидејќи во светот е афирмирана една, би рекол еден постулат за демократијата, а ние за таква демократија се заложуваме, тоа е принципот еден човек еден глас. Па, сега ние треба да сме свесни сакаме граѓанско општество или сакаме национална држава? Сакаме демократија еден човек еден глас или сакаме демократија што ќе ни ја поддржува власта и сопствената позиција.

Исто така, треба да се земат предвид и укажувањата во однос на квалитетот на предложените кандидати,. Иако тоа не може да биде популарно, бидејќи ризикот да се погреши во таквото вреднуваше сигурно дека стои, особено во ситуација кога толку малку ни е дадено како податоци за личностите што се предложени. Но, јас тргнувам од една друга анализа.

Познавам толку многу квалитетни економисти и правници и други експерти во Македонија и се прашувам како, а знам дека се политички блиски до лево ориентираните партии и се прашувам како тие луѓе не најдоа можност односно зошто Владата не ги вклучи во оваа листа?

Затоа, со жалење сакам да укажам на мојот став дека за мене, и покрај тоа што сакам опозиционо конструктивно да дејствувам, е неприфатливо денеска да се изјаснам позитивно за предлогот на Македонската Влада.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе гласам за листата предложена од мандаторот Црвенковски со оглед дека голем број од предложените заменици министри мислам сосем неоправдано, па дури и од луѓе кои

воопшто се изјаснија дека не ги познаваат се овде на непријатен начин укажани како некомпетентни итн. итн., ќе дозволите јас за секој поединечно зошто ќе гласам и зошто мислам дека се компетентни.

Во одбраната е предложен професор по народна одбрана. Се инсистира дека тоа не е компетентност. Да се разбереме, ние во Уставот зацртавме дека во сферата на НО заменикот министер и министерот мора да бидат цивилни лица. Па, дозволете дека во рамки на цивилните лица најкомпетентни за сферата на одбрана се професорите по одбрана. Ако сакате покомпетентни, повелете покренете иницијатива за промена на Уставот, па евентуално генералите се покомпетентни да бидат министри за одбрана, евентуално и заменици. На таква компетентност бевме навикнати долго време нели.

Во Министерството за внатрешни работи е предложен правник и тука немам што да коментирам.

Во Министерството за правосудство и управа е предложен правник, значи сосема компетентен, кој има стручна кариера, работа во Општински суд, работа како адвокат, секретар во една институција, значи сосема компетентен во областа и на Правосудството и на управата.

За стопанство е предложен заменик директор на една многу успешна фирма, сосема компетентен за мене.

Во развојот е предложен економист кој својата кариера ја посветил на проблемите на развојот на Република Македонија.

(Се дофрлува да ги каже имињата).

Имињата ќе ги кажам ако вие не знаете да прочитате. Претпоставувам дека сте писмени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да полемизирате со поединци.

Само вие продолжете, а вас ве молам да не упаѓате.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Во Министерството за урбанизам е предложен архитект кој е технички директор на Заводот за урбанизам, значи стручно и по образование сосема компетентен.

Во земјоделието не е предложен никаков директор на некаква земјоделска задруга. Го поддржувам тоа што го рече премиерот. Предложен е магистер по земјоделски науки. Ако е тоа некомпетентност, можеме да разговараме што е тоа компетентност во земјоделието.

За труд и социјална политика е предложен дипломиран економист, директор на една успешна работна организација, во чиј рамки ги уредува. и работните односи итн. Значи, знае што е труд, за разлика од оние кои тука зборат, а очигледно не знаат што е труд, нели?!

За образование и физичка култура професор кој врши функција директор на гимназија во средно образование.

За наука е доктор на наука, значи многу компетентен во областа на науките.

За култура е човек кој има историја на уметноста завршено и кој професионалната кариера ја остварува во институциите од културата

За здравство е предложен д-р специјалист кој исто така стручно се занимава со соодветната проблематика.

Ете зошто, токму од причини на компетентност помеѓу другите причини јас ќе гласам за оваа влада, зошто мислам дека е стручна и компетентна.

Тоа се исто така зрели политички личности кои ќе дадат придонес во развојот на Република Македонија од својата функција заменик министер за соодветното министерство за кое се предложени.

Што се однесува до одговорноста за Република Македонија, јас 6Ј ја замолил опозицијата да не се грижи многу за позицијата. Ние до сега ја

носевме, сме подготвени и понатаму одговорноста за Република Македонија да ја носиме на нашиот грб, така како што ја носиме, а успешно или неуспешно ќе оценат сите гласачи кога ќе дојдат изборите. Овој Парламент, во меѓувреме одлучи дека одговорноста Владата ја носи задоволително и за тоа даде поддршка на мандатот кој беше доведен во прашање. Така што тој дел на инсинуации дека "какви се и што се" препуштете ни ги нам затоа што очигледно дека сме се нагрбиле со Република Македонија. Во меѓувреме некој ни одмогнува. Меѓутоа, ние, покрај товарот на одговорноста го носиме и товарот на оние што ни се качуваат одозгора на товарот на проблемите за да ги носиме и і заедно со одговорноста за Република Македонија.

И, со оглед дека тука беше искажано "Македонија тоне и со оваа листа ќе продолжи да тоне" од еден пратеник, јас само ќе констатирам, господине пратеник, за ваша жал Република Македонија не тоа тонете вие како партија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако може партиите не. Овде се пратеничките групи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Пратеничките групи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде се присутни пратеничките групи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед на нервозата што ја покажувате од ден во ден во
овој Парламент, сакајќи се да доведете во прашање.

По прашањето за кое беше обвинето коалициононото мнозинство де ова е исто така еден чекор кон разбивање на Македонија, истото ісе го кажам дека треба добро да се запрашаме кој ја разбива Македонија во клучните моменти од нејзината историја, со неизгласување на било што се

нуди, а што гледаме дека можеби и успешно се остварува.

Да ви советувам нешто, исто така. Кога од оваа говорница повикувате со многу перфидни методи на раскол во коалиционото мнозинство, јас со радосно срце само ќе ви кажам дека тоа не поминува. Коалиционите партнери каде се застапени 6 партии не се толку наивни на обичен повик од оваа говорница да влезат во раскол. Тоа се сепак сериозни луѓе, сериозни партии, одговорни итн. Немојте да си го трошите времето, повикувајќи на раскол внатре, затоа што тоа сега засега добро функционира и резултатите кои во овој момент се остваруваат тоа покажуваат да не си го трошиме времето.

Во поглед на тоа за компетентноста кој што има тука завршено, јас ќе го кажам следново. Ова Собрание поддржува, па во еден момент мислам и одлучуваше по еден Закон како ги вреднува функциите во ова општество. Себеси си се определи како функција пратеник, секој пратеник,со поддржувањето на тој закон, дека заслужува коефициент од 3,5. Заменичките коефициенти се помали од 3,5, што значи дека ова Собрание и секој поединечно од нас се изјаснил дека заменикот, по општествената хиерархија во политиката, има помала одговорност од пратеникот и за тоа помалку го наградува. Не со 3,5 како пратеник, туку со помал коефициент. Значи дека не може пратеник да обвинува за некомпетентност затоа што тој со истиот начин може да се обвини а зема многу повеќе. Што значи дека ако тој метод се примени на оние кои имаат повисок коефициент од заменикот, тогаш се плашам дека пола пратенички места од мојата лева страна можат да останат празни.

И на крајот, сакам да констатирам нешто зашто исто така сум многу радосен. Од оваа говорница се обвинија 6 партии што ја поддржуваат мнозинската Влада дека се комунисти. Сега, јас да ви кажам кои се моите размислувања за тоа.

Сум забележал дека обвинувањето "комунист" секогаш се употребува кога две околности одеднаш ќе се поклопат. Првото е кога се нем соодветна друга аргументација и кога тој што обвинува е доведен во клинч. Нема друг аргумент и тогаш го пушта единствениот што го знае "вие сте комунист". Затоа што нема друг аргумент со кој може да обви ни некого. Значи, едно многу лесно обвинување. И, во истиот момент се изгубени уште и нервите. Без аргумент, во клинч и без нерви односно со изгубени нерви следува обвинувањето комунисти. Тогаш сум сигурен дека тоа што го правиме е добро затоа што не се нудат други аргументи освен комунист.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Единствена забелешка сериозна на листата од моја страна би била што од 12-мина ниту еден не е од понежниот пол.

Втора работа, мое крајно незадоволство што во секоја можност се вршат максимални напори од говорницата некои по секоја цена да се напаѓа, т.е. да се наоѓа дежурниот виновник.

Како секогаш, поучени од минатото, кое тешко успеваме да го отстраниме, во југословенските простори албанецот беше дежурен виновник. Се настојува и во Собранието тоа така да продолжи. За среќа и длабоко сум сигурен, без успех.

Тешки оптужби без ниту еден аргумент на адреса на Парламентарната група и на Партијата за демократски просперитет. Немам намера по овој повод да се занимавам, да ја побијам оваа теза која, по секоја цена некој настојува да ја актуализира, која е општо позната и од овие простори начелно отфрлена албанците се опасни албанците се виновни.

Најмалку чувствувам потреба да се занимавам со политичкото подземје кое сеуште е присутно во Република Македонија и кое дефилира,

често пати за жал, и од говорницата на Собранието на Република Македонија.

Трета работа, ќе се чувствувам далеку посреќен и посигурен за иднината на Македонија, посигурен за продлабочување на демократските процеси и демократијата во неа, посигурен за нејзиниот просперитет, посигурен за нејзин вечен просперитет во овие простори ако во Владата на Република Македонија и ако раководни структури на овој Парламент се Македонците и Албанците, доаѓаат и Турци, и Власи и Роми и од сите структури на граѓаните кои живеат во оваа Република. Тоа, заправо во тој правец веќе посмело чекори оваа коалиција. Кому е криво, нека води сметка.

А, кој ја руши Македонија, во друга можност ќе имаме шанса тоа да го кажеме и докажеме, со факти, не со пароли и обвинувања.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувани пратеници, излегов да се заблагодарам после толку барање од страна на Битола да имаме еден министер, односно кандидат заменик на министерот за градежништво, урбанизам, сообраќај екологија.

Излегов да кажам, независно од тоа на која партија припаѓа. Ако господинот Црвенковски не кажеше дека е на СДС, јас не знаев, а мене лично не ми значи неговата партиска припадност. Едно да ви кажам дека Владата не згреши за господинот Јорго Шундовски што го стави за заменик министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија, од причини дека ставивте комплетен стручњак по одредената проблематика.

Имам одредени забелешки на денешнава седница, гледајќи ја оваа предлог- листа, денес избравме тројца кандидати од Куманово. Јас се радувам што веќе имаме ние еден кандидат од Битола, а истовремено

мојата забелешка е таа што независно од господата што се ставени како заменици односно министри, имам забелешка до Министерството за правосудство и управа и имам забелешка до Министерството за здравство.

Сите знаете дека Битола, како втор град во Македонија истовремено има еден вторите медицински центри во оваа држава, па сметав дека Владата ќе поставеше еден заменик министер за здравство и еден заменик министер за правосудство. Не сакам да ги критикувам поставените кандидати, бидејќи не ги знам. Изгледа Владата си имаше свој план. Но, имав едно убедуваше дека постои, има логика, имаше логика овие места, министерството за правосудство и управа и Министерството за здравство да имаше по еден заменик од градот Битола.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, за своето седумесечно работење како се однесува Владата кон својата работа и како се однесува кон македонскиот Парламент може да ни покажат и сегашните испразнети први редови, се избираат заменици министри, а премиерот арогантно си излезе без било какво извинување, а сега пред малку и потпретседателот на Владата, така што мислам дека не се потребни коментари за нивното однесување.

На почетокот би сакала да укажам на вулгарното однесување на премиерот во врска со неки искажани ставови од страна на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, кој што побара да бидат присутни тие кои што треба да бидат избрани, за кои овде зборуваме, што е сосема природно, логично, разбирливо и согласно на принципите на парламентарната демократија и употреби израз дека треба пратениците да имаат:физички контакт. Од оваа говорница премиерот на македонската влада овој израз сосема вулгарно го протолкува и така и реагираше, што мене ми е сосема несфатливо.

Пред малку еден пратеник на СДС рече дека коалицијата и позицијата сосема може да се носи со одговорноста и дека за тоа воопшто не треба да се грижи опозицијата и да се оптоварува со тоа прашање. Мене ми е драго што тоа го слушнав од оваа говорница, но не можам да разберам зошто на неколку пати пратеници од позицијата се жалат дека опозицијата врши опструкција на работата на Парламентот и дека не и дозволува на позицијата нормално да работи .Повторно и на неколкупати укажав на тоа дека позицијата има мнозинство. Ваквите аргументи дека опозицијата ја блокира, самиот збор тоа го содржи, зборот опозиција во себеси и ние како партија која што немаме никакво учество во власта не можеме да ја сносиме одговорноста за работата на Владата и работата на позицијата, а

тоа го искажа и пратеникот Ванчо Младенов во текот на вчерашниот ден од оваа говорница, кога ги повика пратениците од позицијата да си седат на своите места и да доаѓаат редовно на седниците. Затоа, не можам да разберам како пратеници од позицијата се жалат дека опозицијата ја блокира работата на Владата.

Исто така, не можам да разберам истите партии, конкретно СДС, деновиве прошири летоци низ Скопје во кои стои еден став дека опозицијата ја блокира работата на Владата и Владата не може ефикасно да работи. Повеќе од смешно е ваквото тврдење и во иднина доколку сакате навистина да ја сносите одговорноста, да го носите товарот и да не се свиткате под многу големиот товар, бидете барем присутни на седниците. Денес бевме сведоци, два часа доцнеше седницата заради неприсуството на премиерот и недоаѓањето навреме на пратениците од позицијата.

Исто така, беше искажано едно тврдење, се споредија пратениците и замениците министри и беше укажано на тврдењето дека пратениците биле бирани по принцип на компетентност, тоа е смешно тврдење, факт е дека сите бевме бирани врз основа на политичката припадност и врз основа на програмите кои ги застапуваат политичките партии. Пратениците ги избираа граѓаните и не избираа членови за Македонската академија на науките, туку бираа свои претставници.

Морам да ве потсетам на тоа дека поимот компетентност и некомпетентност го воведовте токму вие на оваа говорница при формирањето на македонската Влада кога мандатот требаше да му припадне на ВМРО-ДПМНЕ веднаш после првите повеќепартиски избори. Од оваа говорни пратеници од реформските сили, исто така и од СДС, за кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ од кои што некои беа доктори на науки и

магистри, го употребија зборот дека тие се некомпетентни, без било какво образложение. Не сакам сега тука да водиме некои расправи што значи поимот компетентност, секој може да го толкува како сака. Но морам да ве потсетам дека не треба на ваков начин панично да реагирате и да се навредувате кога истите термини ќе бидат применети со слични аргумент за вашите предлози. А всушност одговорноста за целата оваа ситуација која што настана при изборот на заменици министри ја сноси токму предлагачот кој што ни понуди кандидати поточно една кандидациона листа на заменици министри со податоци што ги има на лична карта на секој граѓанин, место на раѓање, година на раѓање и што завршил. Ниту партиската припадност. Тврдиме дека повеќето имаат работно искуство, но требаше барем неколку податоци да се додадат. За сите нешта од страна на Владата како пратеници сме ставени во ситуација пост фестум да расправаме, па вклучително и за листата за заменички места.

Истовремено, од оваа говорница беше искажана една работа која ми се чини тука треба да се разјасни. Не ги бираме замениците министри врз основа на годините на искуство. Ова не е конкурс. Тука некој се повика на искуство, дали лидерот на ВМРО-ДПМНЕ кога бил избран имал работен стаж или не. Секој што се занимава со политика, треба да му биде јасно дека тој е избран како претставник на партија. Факт е дека е смешно да се доведува во прашање кандидатурата на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ за местото потпретседател на државата, затоа што нема работно искуство, кога знаеме дека тој беше избран врз основа на една политичка програма, врз основа на припадноста на политичката партија и факт е дека тоа и пошироко не само во Македонија се третира претседателот Љупчо

Георгиевски како еден од водечките политичари во Македонија. Тој факт никој не може да го оспори, личност која повеќе од две ипол години има доминантна улога во македонската политика. Смешно е тука да зборуваме за компетентност за еден водечки политичар во Македонија или за некомпетентност.

Исто така, би сакала да укажам на фактот дека листата на заменици, која ни е понудена, не е комплетна и фактички замената на администрацијата не се однесува на сите министерски места. Факт е дека заменици уште од еднопартискиот систем кои биле поставени сеуште си стојат. Но од оваа говорница премиерот како предлагач не објасни зошто нема предложено заменик министер за надворешни работи, а имаме веќе два месеци в.д. министер. Исто така, не ни е јасно што стана со тоа министерско место, а истовремено не е избран ни заменик министер за финансии.

Што се однесува до реагирањата на претставниците на ПДП, би сакала да укажам дека со право од оваа говорница се поставува прашањето на функционирањето на коалицијата. Од оваа говорница пред два дена самиот координатор на ПДП укажа на тоа дека од страна на доминантниот коалиционен партнер, СДС, како учесници во Владата во позицијата не биле известени за така клучно прашање како што е прашањето за давање согласност за промена на името. Имено, самиот кажа, тоа може и од стенографските белешки да се види дека дури 4 дена после давањето на согласност на Владата биле известени. Реагирањата на ВМРО-ДПМНЕ пред се се однесуваат на тоа што ПДП како коалиционен партнер со 5 министерски места, а сега со 4 降 заменички места честопати од оваа говорница и во јавноста, не само македонска, туку и во меѓународната јавност искажува незадоволство од позициите на албанците како малцинство во Македонија, реагира што не се донесени некои закони од

некои решенија на Владата. Мене лично тоа ми е несфатливо, бидејќи некој што има 5 министерски места и 4 заменички места во Владата искажува незадоволство од Владата, не можам да го разберам. Тогаш што да кажеме ние како опозиција.

**ФАИК АБДИ:**

За да ја задоволам љубопитноста на одделни колеги пратеници, излегов да кажам неколку збора, па малку и јас да кажам нешто околу нашата кадровска политика, застапеноста во Парламентот, Владата итн., заради тоа што мислам дека страдаме од една болест, од еден синдром, да не го наречам каков. Мислам дека треба да знае овој Парламент, Република Македонија и граѓаните на Република Македонија треба да знаат дека овде на наше тло се зборуваше дека никогаш нема да биде признаена Република Македонија заради тоа што комунисти се на власт. Република Македонија влезе во ОН не заради тоа што има комунисти на власт, туку затоа што има граѓани, затоа што има Парламент, затоа што има сила, затоа што има право да влезе таму. Епа еве, и денес пак со тој комунизам. Јас право да ви речам го викам сомунизам, а не комунизам.

Имав прилика во својство на шеф на партија, претседател на партија, ромска партија и дали некој е поголем заради тоа што претседател на ВМРО-ДПМНЕ, тој е најдобар политичар, а да речеме јас Фаик Абди најмал заради тоа што сум претседател на мала партија. Така не се ценат луѓето. Квалитетот на политичарот не се мери така. Ова не заради мене туку заради многу други овде што се присутни, и многу други што не се овде присутни,а народот знае да си го даде својот суд. И низ улици, и низ други партии и низ разни средби, народот никој не може да го натера вака или

онака да мисли. Што е тој синдром? Значи, имав прилика да примам и да разговарам некаде со 49 делегати или делегации и денес во 12 часот на паузата господинот Хук Пултон од Лондон, новинар и Вајтер, писател сакаше да разговара со мене. Многу се заинтересирани странските делегации и делегати како и колкаво е учеството на националностите во власта. Зарем не може да се прилагодиме ние во овој Парламент да го сфатиме тоа и да го прифатиме дека живееме заедно и имаме право заеднички да ја делиме судбината на оваа држава по пат на власт, по пат на управување и по пат на претставување на Парламент итн.? Ние мора тоа да го сфатиме. Се додека не го разбереме тоа, не го сфатиме, ние од светот ќе бидеме такви поединци или групи или партии осудени. Ние мораме на нашите деца во свеста да им ставиме дека живееме заедно и не може само заради тоа што си македонец да имаш незнам каква голема власт, поголема од мене, а јас немам ете заради тоа што сум тоа. Тоа сфаќаше избришете го. Сигурно, моето учество во власта ќе биде минимално. Имаме сега еден помошник министер, веројатно уште еден помошник ќе има или заменик, тоа ќе биде во скоро време, затоа што еден има овде Ром пратеник. Кога ќе бидат повеќе, согласно на тоа ќе бидат повеќе во власта. Заради тоа не треба да се буниме. Мислам дека од овој синдром треба да се ослободиме. Ние денес имаме една слика овде од стручњаци, сигурно има и подобри, сигурно има и неопределени, сигурно има и луѓе кои не сакаат да влезат во костец со времето, знаејќи во каква ситуација се наоѓа Македонија. Меѓутоа, ете, сепак се наоѓаат храбри да се фатат со проблемите, зашто најлесно е кога Македонија дајбоже да доживееме ќе биде со јака економија, со добар живот, со добар стандард, тогаш сигурно полесно ќе им биде на сите што ќе бидат во Владата. Сега е

она што се бара квалитет, што се бара храброст да се влезе во борба за заокружување на ова што го правиме, економијата и др.

Јас само тоа сакав да ви кажам и може ли уште еднаш да повторам одбегнувајте го тој синдром, тоа е тешка болест, мислам дека може да се излечи.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Сметам дека не е право на опозицијата да ја коментира тактиката на коалиционите партнери. Јас разговарав со некои членови од СДС и тие ми се извинија за пропустот и јас го прифатив нивното извинување

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, цела среќа е што не се сети некој од позицијата да предложи по еднаш да излегуваме, значи имаме право повеќе пати да излеземе. Така јас втор пат се јавувам и најнапред да му се заблагодарам на премиерот што грешката што на некој начин и тој и Владата ја направиле со тоа што за кандидатите не доставиле на која партија и припаѓаат, денес беше исправено од оваа говорница.

Второ, би сакал да кажам дека овде од позицијата се изнесоа многу работи. Меѓутоа, мора да признаеме дека во таа позиција има и партии кои на некој начин, и затоа ние како опозиција реагиравме, се залагаа за остварување на држави во суверената македонска држава како што е Илирида, Романистан, а знаеме дека Ромите како најлојални граѓани на оваа држава тоа не го прифаќаат, меѓутоа тоа е работа на таа партија која тоа го предложила. Јас морам да напоменам дека опозицијата не е таа која ќе и служи на позицијата само како декор во ова Собрание и за добивање кворум за работа. Опозицијата си има своја функција и таа си ја обавува. Една од тие функции е тоа што секогаш треба да ја начекува и ја начекува позицијата и ќе ја напаѓа, почитувани пратеници од позицијата. Ако барате

совети од опозицијата, тогаш признавате дека немате соодветни решенија за одредени прашања, а опозицијата морам да признаам дека не е спремна да ви даде бесплатни совети затоа што се се плаќа, а најголемото плаќање ќе биде кога ќе дојдат новите избори.

Инаку, што се однесува до ширеше на некакви летоци итн., знам дека СДС е навикнат на такви работи уште од предизборието па навака. Дури сношти имавме едно нарачано партиско соопштение, го слушавме како наводен новинарски коментар итн. на вториот дневник на Македонската телевизија. Но што да правиме, опозицијата е таа која секогаш ќе биде напаѓана и од средствата за информирање и од позицијата. Ние колку можеме ќе се браниме, колку можеме ќе ве напаѓаме, меѓутоа, совети не очекувајте да ви дадеме, бесплатни совети. Ќе ви ги наплатиме на следните избори.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, немав намера да излезам да дискутирам по листата. Меѓутоа, дури размислував дали треба да се јавам.

Се јавувам по повод една работа. Ме  задоволи премиерот што на некој начин на дополни листата која е присутна со предложените заменици на министрите со еден кандидат од Социјалистичка партија, што претставува еден позитивен однос токму заради тоа што ние како социјалистичка партија сме присутни тука со 4 пратеници самостојни и двајца во коалиција, тоа значи 6 и гледано паритетно во однос на партиите кои се присутни тука во структурата, можеби требало да биде ме застапени уште со некој заменик министер. Меѓутоа, еве ќе бидеме задоволни. Задоволен ќе бидам во таа смисла што господинот Ешреф Алиу многу паметно кажа дека заборavаме на понежниот пол во самото предлагање на кандидати. Најголемата одговорност за ова треба да си ја носи соодветната партија која ги предлага овие кандидати, а пред се Партијата на ПДП НДП,

заради тоа што од четирите заменици на министрите нема ниеден кандидат жена. Тоа се однесува и на Социјалдемократите, од 5 заменици ниту една жена, а тоа се однесува и на Реформските сили. А јас на мојот претседател на Социјалистичката партија, за да ја измениме структурата на замениците на министрите ќе предложам тоа да биде жена заради тоа што во нашата Социјалистичка партија од женскиот пол има извонредно квалитетен стручен кадар доктори на науки, магистри, способни стопанственици итн.

Што се однесува до самата листа, мислам дека јас како пратеник немам голема шанса да правам одредена анализа на компетентноста на секој предложен кандидат токму заради тоа што во самото образложение имаме дадено неколку иницијали, за тоа сметам дека одговара партијата која ги предложила и мислам дека целокупната одговорност за способност, неспособност, компетентност, некомпетентност треба да го понесе партијата која предлага, нормално заедно со премиерот и коалиционата влада во таа смисла.

Меѓутоа, сакам да спомнам, бидејќи ги познавам проблемите во врска со предложените кандидати во Куманово, сакам да кажам неколку збора.

**БРАНКО АРСОВСКИ**: (продолжение)

Што се работи за министерство за внатрешни работи кој де предложен господинот Кирил Саревски. Можам да ви кажам се најдобро за предложениот кандидат, заради неговата компетентност, а компетентноста ја гледам во следните елементи. Дека има стручност, дека има способност и дека има искуство. Долго време овој предложен кандидат работел во секретаријатот за внатрешни работи како началник Значи, има големо искуство во тој дел.

Второ, дека бил долго време јавен обвинител поврзан со таа проблематика и сега е претседател на Собрание на општината Куманово. Сите тие три елементи мислам даваат убедување дека овој кандидат успешно може да ги извршува работите како заменик на министерот за внатрешни работи.

Што се однесува до вториот кандидат овде се работи за Благоја Петрушевски. Исто така еден компетентен кандидат, кандидат кој ги задоволува сите тие потреби, а пред се еден искусен економист докажан стопанственик и кој успешно ја води една од поголемите трговски организации во Куманово и мислам дека ги познава посебно работните односи и може да одговори на оваа функција. До третиот кандидат и покрај тоа што јас лично немам одредени контакти, најверојатно, партијата која го предлага верува во неговите способности заради тоа што има таква стручност која би требало да го замени односно како заменик на ова министерство за народна одбрана.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господин Халити.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, за разлика од некои други дискутанти јас сум склон на забелешките што беа дадени тука да гледам позитивно. Зашто, загриженоста што опозицијата ја покажува за стручноста и компетентноста на предложените кандидати ни дава за право дека тие се подготвуваат да гласаат за листата. Очекувам дека во иднина една таква оперативност помеѓу мнозинството во Парламентот треба да ни се случи, јас очекувам да ни се случи и да престанат обвинувањата меѓусебни, затоа што самите ние ќе констатираме дека навистина никаде не водат.

Конечно, ова беше само една интервенција, да завршам со тоа дека не е добро воопшто луѓето кои сеуште не сме ги избрале да ги бламираме однапред и да носат некаква хипотека без да се докажат и како стручњаци и како компетентни и како стручни.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, не би сакал да ги повторувам многуте дискусии од тука, но повеќе од дискутантите дискутираа за тоа како се однесуваат пратениците и како настапуваат партиите, наместо да дискутираат за точката која беше дадена на дневен ред. Овде имаме листа на заменици министри, идните министри за кои многу малку е кажано. Еден од претставникот од СДС партијата, почнувајќи од тука да ни образложи уште од првото име, без да ги прочита имињата кажа дека тој е вработен како професор за народна одбрана, но спрема моите познавања досега предметот по народна одбрана е укинат се плашам да не е тој технолошки вишок во соодветното училиште итн. Ми се скратува можноста од понудената варијанта од страна на премиерот да гласам поединечно за некои од кандидатите. Сум готов да го дадам мојот глас, почнувајќи

индиректно од Министерството за образование и физичка култура. Готов сум да го дадам мојот глас иако сум од друга партија, од таканаречената ПДП партија што ние сме највеќе нападнати и зошто би го дал гласот за Хасан Јашари професор и в.д. директор во една од гимназиите таму. Досегашното работење на министерството за образование, јас си давам за право да кажам, и оние помошници што ги има министерот незнам дали тој е тука присутен иако се од мојата националност не покажува некој поголем интерес во работењето. Сметам со еден ваков кандидат за заменик министер ќе имаме поголемо разбирање, од опозицијата. Исто така, би сакал да го дадам гласот за министерот за наука Владимир Отаковски. Бидејќи се знам долги години и имам можност во општина Кисела Вода да се запознам. Исто така, би го дал гласот мој за министерот за култура Злате Теодосиевски од реформските сили Би го дал гласот за министерот за здравство, сметајќи дека, иако е од друга партија. Имер Имери. Би го дал гласот за министерот за стопанство. Сигурно би го дал гласот но затоа ве молам дозволете ми да не настапуваме како досега како се постапуваше по работните организации. Излегувајќи директорот пред работничкиот совет да ни понуди иден работнички совети повелите членови да гласаме за целиот работнички совет. Анблок. Тоа не сакам да го прифатам. Ова е повторување и продолжување на таканаречениот самоуправен систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас ќе бидам кус во моето излагање. Најнапред не можам да се согласам со некои аспекти од самата постапка. Имено, избор

на замениците на министрите се врши во стилот да е тоа под итно. Доставениот материјал до пратениците е датиран од 12 април, а тука е доставен следниот ден т.е. на вчерашен ден. За прв пат е поделен меѓу пратениците, јас колку што сум во тек дури денес. А сепак ова се сериозни зафати во кадровските солуции. Оттука ја задржувам својата резерва и не мислам да ја поддржам ниту листата ниту ако биде поединечно гласање, кое инаку го сметам за погодно во случајов.

Второ, како мал осврт на излагањето на пратеникот Никола Поповски околу компетенциите. Овде во Собранието пратениците се бирани од народот и да се води дебата дали тие имаат извесни компетенции, т.е., дали разбираат од право, економија од литература од историја, јазици, а демографијата и незнам што се друго и има инженерски дисциплини, не сметам дека е умесно. Бидејќи компетенцијата на пратеникот извира од тие што го бираат, а оние лица кои тука се бираат околу нивната компетентност нормално е да се разговара, но јас би претпочитал тоа да не биде на пленум туку да биде во некакви претходни тела. Овој пат жално е што постапкава тече некако ургентно, а дури и матичната комисија не знае дека имала таква седница, па ја разгледувала оваа листа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас нема да навлегувам во тоа дали се компетентни, дали се стручни кандидатите. Оставам своето мислење да си го задржам за себе иако знам многу добро како се добиваат дипломите во Приштина како во Скопје, како во Минхен и како на друго место. Но тоа е работа на владеачката коалиција доколку си има гласови нека си ги гласа и нека си ја сноси одговорноста за нивното работење односно неработење.

Јас ќе се задржам на една друга проблематика и тоа суштинска. Јас поставив на почетокот кога станав да зборувам едно принципиелно прашање никој не најде за сходно да одговори. Влада се бира како колективен орган во состав на член 90 од Уставот, еднаш се гласа за цела Влада. Мене тука никој не најде за сходно да ми одговори. Ова се поединечни владини функционери избрани од Парламент. Ова не е колективен орган, замениците министри. Зошто ние еднаш се однесуваме на еден начин, а друг пат на друг начин, зависно од нашите потреби. Зошто сме доследни во недоследностите. Врз основа на кој член од законот ние сега ќе гласаме за целата оваа листа. Сметам дека ќе извршиме повреда на Уставот доколку извршиме гласање за цела листа во пакет. Но, тоа за мене нема да биде ништо ново, бидејќи оваа Влада досега и овој Парламент изгласа толку многу неуставни закони, што во било која друга демократска земја со висока развиена демократска свест на граѓанството досега илјада пати ќе паднеше поради тоа. Поради носење на неуставни закони. Јас дури тука ќе се обидам да предложам пример една квота одредена од 15 или 20 неуставни закони што ги донесе една влада или парламент веќе да одат или да им се забрани таа работа што ја работата. Кажете ми тука има стручни луѓе, правници, имаме секретар на Собранието, врз основа на кој член од законот ние ќе гласаме за оваа листа колективна. Зошто не се гласа, поединечно, бидејќи овие се владини министри избрани од Парламентот. Сметам ако гласаме во пакет за цела листа. Сметам дека треба да се гласа поединечно за секој министер, независно како јас ќе гласам или како другите ќе гласаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Ако никој не бара збор, тогаш го заклучувам претресот.

Минуваме на гласање. Гласаме како што реков за листата. Само да појаснам ние сега имаме политичка влада, бираме политичка влада која е избрана во склад со Уставот. Ова е прв пат ние да имаме влада и премиер кој е избран во склад со новиот устав, во склад со стариот устав. Според тоа, според новиот устав е избрана сегашната влада и заради тоа што не беше партиска влада, таа и довербата ја изгуби. Но, заменици, навистина, не е уставна категорија, но по законот за Владата постојат заменици и замениците по законот имаат функција да ги заменуваат министрите, заменуваат членови на Владата. Според тоа, претседателот на Владата, кој има политичка влада си прави состав на замениците кој го заменува министерскиот состав како политички. Ете затоа се гласа за листа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас господине Андов не сакам да спорам со вас. Ова се што го кажавте држи. Тоа е така. Но, јас ве прашав конкретно, врз основа на кој член од закон се гласа во пакет за листа. Зошто не се гласа, бидејќи тоа е факт овој парламент ги бира, тоа се владини функционери избрани од Парламентот. Дајте им легитимитет на тие луѓе и нема проблем нека се изберат. Јас знам дека Парламент ќе ги избере. Но, веќе тие луѓе стартуваат избрани неуставно. Доколку овој парламент ги изгласа во пакет, ние тогаш ќе бидеме приморани на уставен суд да ги разгледаме сите овие работи. Сметам дека ова е неуставен избор и ве молам кога работиме дајте да работиме во склад со Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ако претседателот како мандатор на Владата предлага овде поединечни функционери, ќе си предложи поединечни функционери. Ако предлага листа на земници што му го заменуваат министерскиот состав ќе предложи листа. Тоа е негово право. Тој кажа како предложи.

Минуваме на гласање.

Кој е за предлогот на листата, молам да крене рака?

66 пратеници гласаа за.

Дали е некој против? (14)

Дали некој се воздржува од гласање? (5)

Врз основа на резултатите од гласањето констатирам дека Назми Малиќи е именуван за заменик на министерот за одбрана,

Кирил Саревски е именуван за заменик на министерот за внатрешни работи,

Бардул Кука е именуван за заменик на министерот за правосудство и управа,

Томе Чемерски е именуван за заменик на министерот за стопанство,

Спасе Лазаревски, е именуван за заменик на министерот за развој.

Ѓорѓо Шундовски е именуван за заменик на министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија.

м-р Санде Џамбазовски е именуван на заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Благоја Петрушевски е именуван за заменик на министерот за труд и социјална политика.

Хасан Јашари е именуван за заменик на министерот за образование и физичка култура.

д-р Владимир Отаковски е именуван за заменик на министерот за наука,

Златко Теодосиевски е именуван за заменик на министерот за култура,

Имер Имери е именуван за заменик на министерот за здравство,

На избраните, на именуваните заменици министри им честитам.

(аплауз)

Минуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Тодор Петров, Трајан Мицевски, Сејфедин Харуни, Цветан Јовчевски, Гулистана Марковска,Драги Арсов, Михаил Пановски, Гоце Андоновски,Благој Тошев, Славјанка Стојанова, Фаик Абди, Авди Муртезани,Димитар Трпеновски, Шабан Превала, Ферик Садику, Благоја Чкатроски, Бранко Арсовски, Љупчо Јаќимовски, Ванчо Златанов, Владимир Голубовски, Мерсим Положани, Зоран Китев, Наќе Стојановски, Ташко Киров, Митко Анастасовски, Петре Трајковски и Иван Иванов.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања?

Господин Ферид Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Незадоволен сум од одговорот од Министерството за образование и физичка култура, поради следното:

Во одговорот стои: Како образложение кон укинувањето е« следното: Бројот на учениците од прво до осмо одделение вкупно е 49 ученици, што значи во просек по 6 ученици во паралелка, а согласно Законот кој не се цитира кој е закон бројот на ученици по правило е 30 ученици со најмногу 35

ученици. Овој заклучок е донесен врз основа на донесената програма за рационализација на училишната мрежа од страна на СИЗ-от од 23.05.1989 година, а стапил во сила во деветти месец 1989 година. Во одговорот не се наведува по кој закон и дали тој закон важи само за село Жировница за кое е и проблемот,за што е поставено и прашањето, со оглед на тоа дека јас знам дека во општина Гостивар има многу села, би ги назначил како пример село Вруток, Маврово, Врбен и други кои имаат значително помал број на ученици од горенаведеното село, односно село Жировница. Врз основа на тоа се наметнува и прашањето програмата за рационализација дали се донесува за сите школи односно основни училишта или само за школото во село Жировница каде се укинати споменатите паралелки и дали може да се укине школувањето на мајчин јазик само со одлука на работничкиот совет, и овде во одговорот се наведува кој закон е тоа и дали таа рационализација важи само за село Жировница. Поради сето ова мислам дека во следната учебна година учениците од албанска националност кои живеат во село Жировница да им се овозможи да повторно се врати мајчиниот јазик во основното, наставно воспитниот процес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговор одма ќе даде господинот Бајалџиев.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Прво една генерална определба. Во образовниот процес никаде линеарно ги немаме законските услови на паралелка 35. Во просек паралелките во Република Македонија се 28,5, што значи дека некаде тие паралелки се повеќе, а во случајот на село Жировница што се прекубројни е од причина што е навистина крајно стеснет просторот на основното училиште. Потреба од изградба е доставена од порано.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Има и локација добиено во село Жировница и во подобри времиња и прилики сигурно дека ќе се поведе сметка за изградба на нов училиштен простор.

Што се однесува до барањето за учеше на мајчин јазик во училиштето во село Жировница, барањето е повеќе пати поставувано. Имаме точни сознанија дека станува збор за еден помал број на деца, точниот број не би сакал да го манипулирам, меѓутоа Министерството од поодамна припрема начин, се разбира, консултирајќи ги меѓународните конвенции на кој начин да се утврдува мајчиниот јазик. Во таа смисла во мешани средини, каде што имаме по религиозна основа вклучување на брак, многу е тешко да се утврди кој е мајчиниот јазик. Наскоро експертска група од Англија, поточно од 19 овој месец ќе престојува во Македонија. Меѓу другото и тоа прашање ќе го разгледува. Спремни сме за тие деца, ако се констатира дека мајчиниот јазик им е албанскиот, да сториме се она што може од идната учебна година да посетуваат настава на мајчин јазик. За просторот, местото и условите, се разбира, е задолжено Министерството.

А бидејќи сум овде, би ја искористил оваа прилика, на пратеникот Луловски да му одговорам, еве една мала блага реплика. Ако тој чувствува дека контактите во оваа Македонија која ја изградуваме, дека добро ги воспоставил со заменикот министер што ќе биде албанец дека подобро со него ќе ги одржува, тогаш јас до толку ќе бидам посреќен. Пратеникот Луловски, попатно морам да речам, е еден од најчестите посетители во Министерството за образование и можеби малку забележува што бараше во работните тела активно да учествува. Незнам, не познавам таква практика и затоа не му дозволивме да учествува во работните тела на Министерството.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали пратеникот Луловски тоа го зборуваше во пратенички прашања? (не).

Не, ве молам, господине министри немојте да полемизирате нешто по претходна точка.

Сега господинот Луловски е спомнат има право нешто да каже.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Мислам ако вака ме сфативте господине министре, во целост ја свртевме работата во друг правец. Моето излагање беше да сметам, соработката, мојата соработка со ова Министерство, сигурно не сакам да соработувам таму кај што не ми е доменот, ниту да се мешам во правните работи и на други места каде што незнам. А соработката со Министерството, т.е. со помошниците тоа беше пониско, не лично со министерот, нема што друго да ви кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Дополнително само да кажам, господинот министер овде рече дека е многу стеснет просторот во село Жировница. Јас би се сложил со него, меѓутоа во Уставот стои дека основното образование е задолжително. Според тоа Министерството ресорно треба да обезбеди простор, за да биде пошироко. Тоа како прво. И второ, тамо воопшто не доваѓа предвид ниту пак е потребна некоја си комисија од Англија, која што ќе докаже и ќе потврди дека таму се работи за ученици од албанска националност. Јас ги поседувам и потписите на родителите, што беше дадено пред една година,

што значи таму нема потреба од комисија. Таму исклучиво се работи за ученици албанци од албанското население.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Потребата ја утврдува Министерството.

Има збор Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас не сум задоволен од она што во материјалот е дадено како одговор и незадоволен сум од она што воопшто не сум добил одговор на тоа. Ова веќе ми е трет пат како укажувам на Министерството за правосудство на прашањето што го поставив до истото Министерство, меѓутоа, еве неколку време, по трет пат како имаме точка на дневен ред пратенички прашања, јас немам одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

И покрај тоа што е смешно, да не речам жалосно да се присуствува сега во овој момент во салава, јас сепак излегов овде најповеќе заради овие тројца министри што седат и што не устоија со внимание, да слушаат. Сметам дека ова е трагедија за овој народ затоа каде оди нашата парламентарна демократија. Ние една институција која што во цел свет се разбира пратенички прашања, на кој што пратенички прашања е должна целата Влада да седи овде, да слуша и да одговара, дури си зема за право и телевизијата да изиграва цензор и да ја исклучува јавноста од работењето, да ја исклучи јавноста да ја види оваа жалосна слика, што седиме овде петнаесетина пратеници и тројца министри, но сето тоа е

поради тоа што ние не се држиме на деловниците за работа и ги оставаме пратеничките прашања за на крај, заради тоа што имаме неспособни министри, тоа го тврдам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имате ли вие прашање. Ако имате прашање поставете го. Ова не е на дневен ред. Овие говори можете да ги држите на митинзи, а овде да си поставите прашања а не да излагате ваше мислење. За нови прашања после ќе видиме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Значи ова е одговор на моето прашање. Имам јас овде нешто да кажам за три мои пратенички прашања и ќе кажам. Тоа е дел од неспособноста, министрите да излезат овде на говорница и јавно да ми одговорат. А кој знае кој им ги пишува одговорите или од каде ги препишуваат и ги праќаат овде. Секоја чест на овие тројца министри овде што собраа храброст и способност имаат да излезат на говорница да одговараат. Ова другото, се што праќаат, по писмен пат што ни одговараат и после 3-4 месеци, а некои и воопшто не ни одговараат, со месеци чекаме на одговор, тоа е само една трагедија на овој народ, што не знае кој го води.

Јас поставив пратенички прашања уште на 1 декември 1992 година а ми беше одговорено, и воопшто не сум задоволен од одговорот и ќе морам повторно да го прочитам целото пратеничко прашање, со цел тие што одговорија уште еднаш да го прочитаат и да ми одговорат на она што го барам.

Значи барав во периодот од 1 јануари 19 91 година па се до денеска, како што е познато во голем број фирми е извршена стечајна постапка. За истиот тој период барав Владата на Република Македонија да ми ги достави следниве податоци:

Прво, колку вкупно работници моментално се во заводите за вработување, во град Скопје посебно, а колку во преостанатиот дел во Република Македонија.

Второ, да ми се достават имињата на фирмите што се оти- дени под стечај, како и тоа преку која банка биле задолжени, имиња- та на стечајните судии за секоја фирма поодделно, со оглед на тоа што постои можност одредени судии повеќе пати да се јавувале во таа функција, имињата на стечајните управници со нивни кратки биографии, како и критериумите врз основа на кои се бирани стечајните управници.

Трето, министерот за внатрешни работи веќе седум-осум месеци ние се допишуваме преку овие пратенички прашања наши, а се работи за едно многу просто прашање кое што се однесува на тоа - зошто во нашата Република се дозволуваат возила да возат со ознака ЈУ. Ние не сме веќе со таа ознака и не сме во таа југословенска држава. И ако сака нашата полиција да го реши тој проблем ќе го реши многу ефикасно и брзо. А не овде да ми се даваат одговори во смисла дека секој може да си стави налепница на своето возило, да ја купи, да си ја залепи кога сака, како сака и колку налепници сака може да стави. Тоа за мене не држи, бидејќи ние веќе сме од- воени и не сме веќе во државата Југославија.

Четврто, исто така пред два месеци имам поставено на 56-та седница пратеничко прашање односно четири пратенички прашања на кои што чекам одговор. Одговорите се многу едноставни, но очигледно Владата или

е неспособна да ги даде одговорите или штити одредени моќници во оваа држава, а се однесуваат на двете големи еколошки катастрофи што се случија во Република Македонија во јануари, односно конкретно поморот на рибите на 5 јануари 1993 година во реката Вардар, да се посочат, да се кажат кои се кривците и второ, да посочат кривците за големото аерозагадување во текот на јануари во Скопје со чад и С02. Јас воопшто немам добиено веќе два месеци одговор на овие две прашања како и на другите прашања што беа поставени на таа 56-та седница.

Имам уште едно пратеничко прашање сега да поставам, но не гледам логика да го поставам, кога гледам дека овдека единствено тројца министри се присутни во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во име на Владата министерот Гунер Исмаил ќе одговори.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Ми е жал, меѓутоа, сум овластен од претседателот на Владата и не спаѓам во овие тројца министри по линија на способност, господинот Пановски се огради, меѓутоа јас ги молам, поради пред се, големата почит што ја имам кон него да се сочуваме од изрази од ти- пот неспособни итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте така, на прашањето ве молам одговорете.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

На корпусот на прашања на кои што господин Пановски бара одговор, Владата е во фаза на подготовки на одговори, а некои веќе ќе ги добие идната недела, како одговори на писмено поставени

прашања. Меѓутоа има прашања кои се многу комплицирани на кои што, и тука да бил министерот, еве на пример Сабриу лично е присутен, не би можел да ви даде детални податоци за фирмите која, колку под стечај се, принудни управници, какви биле итн. итн. Таков одговор не верувам дека е возможно дури и поспособна Влада од оваа за која што вие тврдите дека е неспособна, да ви го даде на лице место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Повторно се јавува господин Пановски.

**МИАХИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас се согласувам дека има прашања за кои што треба повеќе време и материјал да се собере и да се одговори. Меѓутоа, има толку прости прашања што не е потребна никаква подготовка да се прави и да се види, туку може веднаш овде на говорница да се одговори. Едно од тие прашања, јас ви кажав со господинот Фрчковски ние се допишуваме 4-5 месеци. Јас немам намера тука никого да навредувам со моите искажувања, но факт е дека институцијата пратенички прашања е до крајна мерка девалвирана во нашава држава. Во сите развиени демократски земји ова е главната институција за работа на парламентите. И тука може да се види кој министер и пратеник, кој е способен кој не е способен и да се видат сите тие неправилности во работењето на Владата, како и на сите влади во цел свет. Затоа мислам дека ова сега е жалосна слика што ни се случува овде, а тоа всушност е и целата состојба во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Прашањето го поставувам до Владата дали побарувањата на здравствените организации на Република Македонија, врз основа на здравствените услуги на осигурениците од Република Србија, што останаа ненаплатени од времето пред распадот на СФРЈ има шанси меѓудржавно да се искомпензираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот не е тука, веројатно ќе се даде писмен одговор.

Еве се јавува господинот Исмаил.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Да, со оглед на тоа што прашањето третира еден корпус на прашања што спаѓаат во оној проблем на прашања што се викаат на сукцесија и кои што ќе се разрешуваат во меѓусебните пребивања на долгувања и побарувања, па затоа јас би го замолил господинот овој одговор да го прими како писмено известување, писмен одговор зашто и за тоа ќе ни биде потребно време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Гоце Андоновски.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас по првото прашање зошто село Љубојно сеуште нема статус на погранично и ридско- планинско подрачје, не добив одговор. А по второто прашање не само што одговорот е нецелосен, туку јас" сум и разочаран од одговорот, затоа што фактичката состојба не е таква како што ми е дадено во одговорот. Имено, не е точно дека 4,5 илјади тони се увезени јужно овошје во Република Македонија. Сметам дека увозот на јужно овошје е

неконтролиран и затоа го проширувам прашањето и барам конкретно да ми се одговори да се евидентираат колку увоз е направено на јужно овошје во текот на оваа година, за заштита на реколтата на јаболка за оваа година.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Бидејќи сме во строго семејна атмосфера, тука, зашто сме во мал број, господине Андоновски на ова прашање на што го обновивте со нови барања, одговор ќе добиете по писмен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Моето пратеничко прашање гласи дали Владата на Република Македонија има донесено посебни мерки или посебни одлуки за спроведуваше на Резолуцијата 757 на Советот за безбедност, и почитуваше на ембаргото на подрачјето на прометот. Тука пред се, мислам на надворешно- трговскиот промет, поштанскиот промет, на прометот со недвижности, потоа на подрачјето на финансиите, на подрачјето на патниот и на железничкиот сообраќај, подрачјето на воздушниот промет, на подрачјето на странските вложувања, на подрачјето на науката. технологијата и информациите, како и на подрачјето на просветата, културата и спортот.

Посебно ме интересира на планот на надворешно- трговското работење, дали некои претпријатија во Република Македонија по воведувањето на трговското ембарго против СФРЈ, купуваат и продаваат стока на пазарот на СРЈ и доколку има такви претпријатија, кои се тие претпријатија, какви мерки се преземени против нив и дали воопшто се

преземени против нив, а доколку не се преземени што ќе се преземе од страна на надлежните органи, со цел да се почитува ембаргото.

**ДРАГИ АРСОВ:** (продолжение)

Како дополнително, дали овластените тела на Владата на Република Македонија се во постојан контакт со Комисијата на Европската заедница за спроведување на санкциите и досега како се одвиваше таа соработка со оваа комисија.

Второто прашање до Владата од која барам одговор е следното Дали оваа Влада на Република Македонија конечно има намера наскоро да расправа и да преземе мерки за спречување на порастот и на криминалот во стопанството и посебно во правниот систем каде постојат појави на нарушување на правниот поредок.

Посебно се загрижувачки појавите на криминалните дејствија финансиските малверзации и против правното присвојување на имотот со приватизацијата што се спроведува. Што е досега преземено и што ќе се преземе во тој поглед за спречување на злоупотребата на функции посебно на директорските функции за спречување на митото, корупцијата и нелегалната трговија со девизи. Дали Владата ќе подготви посебна информација за сузбивање на криминалот и нарушувањето на правниот поредок и дали за овие проблеми ќе подготви посебна информација или посебен материјал за кој што треба да расправаме и во Собранието.

Па, уште едно прашање кое се однесува до Владата односно до министерството за народна одбрана. Конкретно од Владата и ова министерство ме интересира да го извести Собранието и јавноста дали подготвува и дали ќе достави до Собранието на РМ закон за контрола и безбедност на државната граница на Република Македонија и што досега е направено за заштитата на државната граница и воспоставување на граничната контрола. Дефинирањето на државната граница и нејзината заштита на сите ни е добро познато, вклучувајќи ја и граничната контрола се посебно значајни за регулирањето на суверенитетот и територијалната безбедност и мислам дека овој закон е доста значаен, затоа што со

неговото донесување и со обезбедувањето на заштитата на границата мислам дека ќе се создаде подобар систем и за спречување на одредени погранични инциденти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата ќе даде писмен одговор инаку пратениците ги молам да употребуваат уставни термини за органите републички. Немаме министерство за народна одбрана туку Министерство за одбрана.

**ДРАГИ ГРОЗДАН0ВСКИ:**

Имам едно прашање да не направам грешка како се веќе уставно дефинирани министерствата, а се однесува до сите министерства без исклучок. Поводот за прашањето е еден леток кој е дистрибуиран низ Македонија во кој стои СДС на Македонија. Во него во еден дел стои "во Собранието на Република Македонија најчесто од опозицијата се попречува донесувањето на законите што ги изготви Владата и со чија примена треба да се воведе поефикасен систем на функционирање на државата". Тоа е тврдење затоа што оди во јавноста и е дистрибуиран низ цела Македонија. Прашањето се состои во тоа. Уште еднаш напоменувам до сите министерства, сите министри во рамките на своите надлежности.

Кои се тие закони што ги изготви Владата на Република Македонија, а опозицијата го попречува нивното донесување. СО аргументација. Прашањето се однесува на периодот од 8.1.1991 заклучно со 13.04.1993 година, се разбира оваа влада со потенцираше на периодот во кој се избрана.

**ФАИК АБДИ:**

Позицијата на макроекономската политика на Република Македонија секако набрзо ќе дојде на разгледување на една од наредните седници на Собранието на Република Македонија. Заради поголема објективност пред

се пред Собранието како и пред граѓаните на Република Македонија бидејќи знам дека со години.....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам методолошки е. Ве молам прашање формулирајте после образложувајте.

**ФАИК АБДИ:**

Ве молам ова мора да биде вака кажано.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, знаеме ние дека за прашања дојдовте.

**ФАИК АБДИ:**

Да, да, ве молам.

Бидејќи знам дека со години нашите стопански субјекти даваа редовни податоци од републичкиот завод за статистика и за другите државни органи од Владата на Република Македонија барам што поитно во вид на одговор да достави која од последните 12 години на СРМ односно Република Македонија беше најплодна година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во што.

**ФАИК АБДИ:**

Во се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во земјоделство или каде.

**ФАИК АБДИ:**

Во се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во земјоделство ли, што е тоа најплодна година да знаеме да му адресираме на министерството.

**ФАИК АБДИ:**

Дозволете господине претседателе што мислам па ќе видите дека

точно мислам на она на што и вие мислите. Точно ќе кажам на што и вие мислите ве молам.

Значи, која од последните 12 години на Република Македонија односно СР Македонија беше најплодна година, а оттогаш имаме пат на индустриското производство, општествениот производ, националниот доход. Во таа година колкаво беше индустриското производство и услугите од сите области и гранки по количини. Каде и колку се развиваше во количини, во нашата земја, во Македонија во ЈУ републики поранешни, колку со конвертибилно плаќаше колку на клиринг? Колкав ни беше бројот на вработените, тогаш во таа најубава година во општествениот производ и во приватниот сектор? Колкав ни беше општествениот производ и националниот доход по вработен по жител. Колкав ни беше степенот на амортизираност на основните средства без градежните објекти. Колкави беа издвојувања од нето или од бруто личниот доход, законски и договорни обврски, а мислам на даноци и придонеси од доход, од личен доход итн., во проценти? Колку средства како Социјалистичка Република Македонија или како Република Македонија тогаш издвојувавме во ФНП и РФНП. ФНП во смисла на недоволно развиени подрачја на Југославија, а РФНП републички неразвиени подрачја. И колку повратно добивавме сведено во една цврста валута, германски марки, долари итн. Колкав ни беше номиналниот односно реалниот личен доход во конвертибилна валута по области, гранки и колкав беше просекот во СРМ односно РМ. Се ова споредено со податоците во проектот на макроекономската политика. Тоа е едно прашање.

Второто прашање е кратко во населба Шуто Оризари има над 20 семејства кои што живеат во некои ѕидани бараки, па едно "бреме почнаа да ги иселуваат, па ги оставаат, а сега пак почна некое иселување. Јас молам овој процес да се запре, тие се социјалци, нема каде да живеат на друго место.

Пред два три месеци општината Чаир и општината Бутел распишаа конкурс за локации. Општината чаир имаше над 40 локации слободни за кои конкурираа 21 фамилија и ги добија локациите со некои цени....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кое е прашањето. Кажете го прашањето.

**ФАИК АБДИ:**

Ме  направите како да незнам што е тоа прашање ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама видете ве молам.

**ФАИК АБДИ:**

Јас ви кажувам што се случило пред ва месеци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е важно тоа што се случува. Прашање поставете.

**ФАИК АБДИ:**

Ве молам, сигурно е важно. Јас овде не бркам ни врапци ни чавки, ве молам. Треба да се извинете ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Поставете прашање.

**ФАИК АБДИ:**

Јас поставувам.

Двете општини распишаа конкурс за локации, луѓето конкурираа, добија 21 или незнам колку локации. Тогаш по метар квадратен цената беше околу 84 милијарди. Беше рок за 15 дена да платат. Луѓето платија за 15,20 дена, а сега им бараат по 200 милијарди од метар квадратен. На што се должи тоа?

Уште едно прашање.

Во општина Дебар едно семејство кое што има ќерка со оштетен вид 13 години живее во еден општествен стан и е избркано надвор. Барам интервенција на општинскиот орган. И јас верувам дека правилно ќе постапат. Таму е сместено некое момче кое што има троспратна куќа и незнам што уште нема.

Мислам дека бев јасен и ве молам Господине претседателе кога поставувам прашања, ако нешто образложувам јас знам зошто образложувам. Првото прашање вие сте економиста, ние сме колеги Господине претседателе, мислам дека многу убаво ме разбравте што сакам да кажам. Овде за Република Македонија се и сешто се зборува за падот на производството условите под кои работиме. Ова ќе даде една перфектна слика зошто е тоа така. Што е тоа што треба понатаму да правиме за да може нашиот живот да биде подобар. Немојте вака со мене. Ајде вака постапете со луѓе кои што без беза зборуваат овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Исто постапувам со секого. Кога е пратеничко прашање тоа мора да се однесува од доменот на работата на Владата, ако сакаме ние податоци од пред 12 години ќе си ги земеме студиите итн., а ако сакаме да ја доведеме Владата во позиција успешно да се брани од критика тоа е задача на Владата а не да предизвикуваме и да упатуваме пратенички прашања. Идеите можеме да и ги дадеме и надвор од седницата. Овде само прашања, конкретно прашања.

**ДУШАН ТРПЕНОВСКИ:**

До Министерството за образование, односно министерот би сакал едно прашање заради расчистување на следната состојба.

Прво, кои ученици добиваат надомест за патни трошоци? Дали учесниците што се во основното односно обврзаното образование, или добиваат и учесниците во средното образование надомест за патни трошоци.

Друго, ако добиваат и учениците надомест за такви трошоци од средно образование дали имаат еднаков третман учениците кои патуваат во град и кои што од село доаѓаат во град.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Има разлика единствено учениците од основното образование користат, единствено им се бенифицира превозот. Превозот за учениците од основното образование што патуваат над 3 километри им се плаќа превозот или се сместуваат бесплатно од причина што основното образование е задолжително. Министерството и подрачните единици прават напори и тоа видливи на пр. Демир Хисар Битола, Титов Велес каде во контакт со превозничките фирми и други приватници правиме напор и за учениците од средното образование да се даде определен попуст. Некаде 30 некаде 50 добиваме, но немаме обврска да го рефундираме превозот во средното образование.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Едно прашање во врска со престојот на УМПРОФОР во Република Македонија.

Ме интересира Владата да ми одговори во врска со протоколот или режимот на престојот на УМПРОФОР, нивното движење низ територијата на Република Македонија од причини што се зборува дека веќе има инциденти и повреда на јавниот ред,мир и морал• Исто така се зборува во врска со нивниот претстој на тоа особено инсистирам да ми се одговори, за малолетничка проституција.

Второто прашање повторно е во врска со УМПРОФОР. Ме интересира Владата да ми одговори преведувачите кои што ги користат припадниците на УМПРОФОР дали Владата службено им ги доделила или тие самите тоа го уредиле на свој начин, затоа што се зборува дека во најголем дел преведувачите се активисти на ПДП-НДП и оттаму доаѓа до недоразбирања за вистината во комуникацијата што се одвива во западниот дел на Република Македонија.

Третото прашање ме интересира соодветниот ресор Министерството да ми одговори за тоа дали Владата има, или има намера да подготви проекти со кои што ќе е заштити младината заради загрижувачкото ширење на оние кои што уживаат друга и алкохолизам, а исто така и за евидентниот пораст на малолетната проституција.

**ДИМИТАР БАЈАЛЏИЕВ:**

Владата на последната. седница минатата недела на предлог на Министерството за образование го задолжи Министерството за правосудство и управа под најитна постапка да ги испита можностите и да ја земе во една целина материјата, од прилика да испита можност за донесуваше на закон за заштита на школската младина од пијанство, од користење на дрога, од продолжено работно време на бифињата и од сите други аномалии. Се разбира притоа инсистирајќи на драстични мерки за прекршителите на таквите аномални појави.

На жал имаме многу лоши сознанија дека овие појави за кои пратеникот Голубовски зборуваше веќе доста загрижувачки земаат појава и се шират во Македонија.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Сигурно е дека дел од прашањата на господинот Голубовски ќе мораме писмено да одговориме, меѓутоа, јас пак би замолил за дикцијата. Имено, тонот на осуда кој што понекогаш провејува низ прашањата од типот тоа се активисти на овој, на оној и т.н., не дека се работи за ПДП и сл., ве молам за прашања кои што не имплицираат односно не имплицираат осуда. Инаку на дел од прашањата ќе одговориме писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам. Пратеникот е слободен да постави прашање и да наведе аргументација како тој мисли. Констатацијата која може да произлезе најчесто е политичка намера и право на пратеникот.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Сигурно јас во потполност ја разбирам и политичката намера и правилото и т.н. меѓутоа изрекувањето на пресудата....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа вие со одговорот ќе си дадете. Инаку не.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Јас му се извинувам на пратеникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може да му се брани на пратеникот кои аргументи ќе ги наведе во поставувањето на прашања.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

До Владата на Република Македонија го поставувам следното пратеничко прашање и барам писмен одговор.

Од почетокот на 1990 година па до ден денес колку од страна на надлежните органи е донесена одлука за одземање на моторни возила и против колку лица постапката се води, како и колку трае постапката.

Второ прашање на територијата на општина Тетово има појава одредени директори кои се избрани во основните училишта од страна на надлежните органи, нивните совети веќе пет или седум месеци не добиле согласност од страна на надлежното министерство? Зошто?

**АВДИ МУРТЕЗАНИ**: (продолжение)

Трето, дали на територијата на општина Титов Велес има уште села кои не се приклучени кон електричната мрежа, ако има колку се и да се наведат по име.

Четврто, во Тетово има појава на иселување на корисници на општествените станови иако истите корисници биле легално вселени во тие станови, сега има една појава да се иселуваат и Владата односно надлежното министерство или комисијата донесуваат решенија за други корисници.

Прашувам, кој е тој орган и врз база на каква одлука се донесуваат такви акти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Најголем дел од прашањата се однесуваат на Министерството за сообраќај и Министерството за внатрешни работи, но ќе добие писмен одговор.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Јас сакам да поставам едно прашање околу работното време. Кој го определува работното време на стопанските субјекти во општините Поконкретно за угостителските субјекти, трговските дуќани, услугите итн. Познато ми е од порано додека општините беа општествено- политички заедници тоа беше во надлежност на самата општина, меѓутоа, со амандманите од Уставот на СРМ и со новиот Устав, а во недостиг на донесување на законот за локалната самоуправа, сега ми се чини оваа проблематика е оставена како да нема кој да го решава тоа прашање и од таа причина поготово во општините морам да ви кажам,„ има една хаотична состојба во поглед на работата поготово на овие угостителски дуќани, ресторантите, кафеаните, кафулињата, потоа трговските дуќани, па разни услуги и т.н.

Овде, тоа е една причина за една нелојална конкуренција од причина што одредени такви субјекти работат дневно по осум часа, а некои објекти работат по 24 часа. Колку се интересирав во Управата за приходи и Даночната управа тие наплатуваат даноци и обврските спрема државата ги плаќаат како стопански субјекти од определена дејност. Сигурно данокот е многу зависен од успешноста на работењето и времето на работењето. Логично е еден објект или еден дуќан или една кафеана доколку работи 2 4 часа сигурно дека ќе направи поголем приход и доход и логично е дека треба да се оданочи многу повеќе отколку некој објект што работи само седум односно осум часа дневно.

Прашањето ми беше кој е надлежен за определување на работното време по општините и кој е надлежен за контрола на работното време. Дали тоа време се спроведува и извршува така како што е определено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за труд и социјална политика треба да одговори на ова прашање.

Збор има господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Имав поставено едни прашања од периодот кој помина, меѓутоа од Владата не добив задоволителни одговори, па затоа ќе доставам дополнително.

На пограничните табли на граничните премини при влезот на територијата на Република Македонија, името на Република Македонија е напишано на македонски јазик, кирилично писмо и на македонски"јази латинично писмо што е во спротивност со Уставот.

Затоа поставувам прашање, бидејќи Владата даде одговор дека тоа е во согласност со меѓународните договори на кои не се повикува точно кои се, па ме интересира кога Владата ќе ги усогласи натписите на таблите на кои се означува името на државава на граничните премини при влезот на територијата на Република Македонија заради тоа што патните исправи се во истата конотација напишани РМ на македонски јазик кирилично писмо и на еден од странските јазици англиски и француски имајќи предвид дека тоа е Republik of Macedonia истиот натпис ми се чини дека треба да биде напишан на овие погранични табли затоа што,според Уставот на Република Македонија, немаме македонски јазик со латинично писмо. Тоа е првото прашање.

Во истиот контекст го поставувам прашањето кога мисли Владата какви мерки да преземе да го регулира прашањето за натписите на сообраќајните знаци на територијата на Република Македонија, бидејќи сеуште се задржани латиничното писмо на македонски јазик, што е во спротивност со Уставот.

Трето прашање дали Владата мисли да преземе нешто во врска со промената на поштенските броеви, броевите на воените пошти, бидејќи исто така се преземени од стариот систем.

И ме интересира дали Владата во својата Програма за работа или во Програмата за изградба на акумулациони брани мисли во оваа 1993 година да преземе мерки за отпочнување со изградба на брана на Конска река во хидромелиоративниот систем - Гевгелиско поле.

**ГУНЕР ИСМАИЛ:**

Се разбира дека дел од прашањата на господинот Петров јас ќе ги земам како многу корисни сугестии, затоа што се интересни „ сами по себе за разрешување на еден корпус на прашања кои се појавија а на другиот дел на прашањата ќе одговориме по писмен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој има да постави пратеничко прашање? (нема) Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

На сите пратеници од православна вероисповест им го честитам големиот православен празник Велигден.

До Велигден нема да имаме седница, па затоа ја користам оваа прилика.

Седницата заврши со работа во 15,55 часот.